УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Студиска програма: Музичка интерпретација и композиција

# Почетните школи за пијано во Косово

# Beginner Piano Methods in Kosovo

– теориски дел од докторска дисертација –

Кандидат: м-р Агрон Шујаку
Ментор: проф. д-р Трена Јорданоска

Скопје, 2024 година

**Апстракт**

Во фокусот на истражувањето се почетните школи за пијано, како еден сегмент од комплетен метод за настава по пијано, со редоследот на поставување и приоритет на музичките елементи (читањето ноти, вежбите за позиција на раката и вежбањето по ритам). Истражувањето е спроведено во осум државни и шест приватни музички училишта во Косово, со анкетен прашалник кој го пополниле 102 наставника по пијано. Резултатите покажуваат дека во косовските музички училишта се користат сите седум почетни школи за пијано од наставната програма на Министерството за образование, како и осум почетни школи кои ги имаат воведено самите наставници. Преку истражувањето се издвоени школите кои преовладуваат и добиени се сознанија за новите трендови во почетната настава по пијано, како и културното значење при изборот на почетните школи, што е посебно важно во регион со различни образовни потреби. Покрај ова, анализирано е влијанието на надворешните фактори (музичкото училиште, возраста, работното искуство и образованието на наставникот) врз изборот на почетна школа за пијано.

Клучни зборови: почетна школа за пијано, пијанистичка педагогија, музички училишта во Косово

**Abstract**

The research focuses on beginner piano methods as one segment of a comprehensive piano teaching method, with an emphasis on the order and prioritization of musical elements (note reading, hand position exercises, and rhythm practice). The research was conducted in eight public and six private music schools in Kosovo, using a questionnaire completed by 102 piano teachers. The results show that all seven beginner piano methods from the Ministry of Education's curriculum are used in Kosovo's music schools, along with eight additional methods introduced by the teachers themselves. The research highlights the predominant methods and provides insights into new trends in beginner piano teaching, as well as the cultural significance in choosing beginner methods, which is particularly important in a region with diverse educational needs. Additionally, the impact of external factors (such as the type and location of the music school, as well as the teacher's age, work experience, and education) on the choice of a beginner piano method is analyzed.

Keywords: beginner piano method, piano pedagogy, Kosovo music schools

**Содржина**

**Апстракт** ..................................................................................................................... i
**Abstract** ..................................................................................................................... ii

**1 Вовед** ..................................................................................................................... 1
1.1 Формулација на проблемот ........................................................................................ 1
1.2 Досегашни истражувања ............................................................................................ 3
1.3 Потреба, значење и цели на истражувањето ............................................................. 5
1.4 Дефиниција на тема .................................................................................................... 6
1.5 Претпоставки, истражувачки проблем, истражувачки прашања ................................ 6

**2 Почетната настава по пијано во Косово** ................................................................. 8
2.1 Музичките училишта во Косово .................................................................................. 8
2.1.1 Основни музички училишта ....................................................................................... 8
2.1.2 Приватни музички училишта .................................................................................... 10
2.2 Почетни школи за пијано ........................................................................................... 11
2.2.1 Почетни школи за пијано од официјалната програма .............................................. 12
2.2.2 Почетни школи за пијано надвор од официјалната програма .................................. 14

**3 Методологија** ............................................................................................................ 18
3.1 Популација ................................................................................................................ 18
3.2 Инструмент ................................................................................................................ 18
3.3 Процедура ................................................................................................................. 19
3.4 Обработка .................................................................................................................. 21
3.5 Етички аспекти .......................................................................................................... 22
3.6 Ограничувања ........................................................................................................... 22

**4 Резултати** .......... 24
4.1 Резултати во однос на изборот на почетна школа за пијано .......... 24
4.1.1 Презентирање на фреквенциските дистрибуции за почетните школи .......... 25
4.1.2 Дистрибуција на почетните школи за пијано во музичките училишта .......... 28
4.2 Причини за користење на избраните почетни школи .......... 33
4.3 Користење на почетните школи според општите податоци за наставниците .......... 37
4.4 Влијанија при изборот на почетна школа за пијано .......... 46
4.5 Одговори на прашањето што наставниците би додале/измениле во почетната школа .. 51
4.6 Редослед на музичките елементи .......... 53
4.7 Начини на изведување на наставата за време на пандемијата .......... 54

**5 Заклучок** .......... 56

**Библиографија** .......... 64
**Прилог 1 Истражувачки прашалник за почетните школи по пијано во Косово** .......... 67

## 1 Вовед

Како наставник по пијано во рамките на образовниот систем во Косово, отсекогаш ме интересирало како е организирана наставата по музика. Иако музичките училишта во Косово се организирани според истите работни услови како и другите државни училишта, тие се уникатни во многу нешта. Покрај групната настава која е задолжителна, музичките училишта се уникатни во индивидуалната настава, која е клучна за овој вид образование и е најчестата форма на настава. Дури и ако ги споредиме наставниците по музика со наставниците од другите стручни училишта, ретко се јавува случај на индивидуална настава. Ова укажува дека во споредба со другите училишта, музичките училишта имаат наставници кои одржуваат само индивидуална настава (совладување инструмент/пеење), покрај наставници кои се задолжени за групната настава по теориските предмети.

Државните (јавните) музички училишта во Косово се во надлежност на Министерството за образование на Косово, но вистински работодавач на наставниците е општината во која се наоѓаат. Директорот на училиштето поднесува извештаи до општинската дирекција за образование. Општините во Република Косово се групирани во седум области, и во нив во моментов работат осум музички училишта. Музичкиот образовен систем е наследен од стариот советски систем и подоцна е ревидиран во рамките на СФРЈ. Учениците од основно училиште можат паралелно да се запишат и да следат настава во основно музичко училиште. Доколку покажат исклучителни резултати и амбиција, своето образование го продолжуваат во средно музичко училиште. Средните музички училишта во Косово се стручни училишта и траењето на нивната програма на работа соодветствува на траењето на програмата на работа во другите стручни училишта. Од 2002 година, Министерството за образование, наука и технологија (MASHT) овозможи проширување на музичкото образование во приватниот сектор, односно добивање лиценци на приватни музички училишта преку процес сличен на акредитацијата на универзитетите.

### 1.1 Формулација на проблемот

Почетоците на создавање на музичкиот образовен систем на Косово се лоцираат по основањето на СФРЈ. Првото музичко училиште е основано во Призрен во 1948 година, а по една година се основа музичко училиште во Приштина. Овие две училишта долг

период се двата главни центри за музичко образование, првиот за западниот регион Дукаѓин (Dukagjin)/Метохија, и вториот за источниот, Косово. Во нив се школувани најголемиот број музички уметници, теоретичари и педагози кои подоцна стануваат носители на музичкото образование и култура во Косово.

Следните години, неколку други градови и општини отвораат музички училишта кои најпрво работат како основни музички училишта со ограничен избор на инструменти кои можат да се изучуваат (пијано, виолина, флејта и кларинет). По завршување на основното (музичко) образование можеше да се продолжи со средно музичко образование во еден од музичките училишни центри во Призрен или Приштина. По 1990 година, училиштата во другите градови започнуваат постепено да прераснуваат во средни музички училишта, но состојбата со инструментите останува во поголема или помала мера иста. Изучувањето на поголем број инструменти станува возможно по 2003 година, со развивање на студиските програми на Универзитетот во Приштина, што придонесува за појава на наставници по нови инструменти, со што значително се проширува изборот на инструменти кои се изучуваат во основното музичко образование.

Пијаното, оттогаш до денес, е најпопуларниот и најбираниот инструмент од страна на повеќето родители и ученици. Збогатената понуда со други инструменти не ја менува побарувачката за изучување на пијаното. Пијаното сѐ уште е најчестиот избор за прв инструмент. На пример, секоја година, 200 ученици се натпреваруваат за 45 отворени места во државните музички училишта. Овој тренд од 20% до 25% шанса за запишување на инструментот пијано е присутен во секое основно музичко училиште.

Приватното музичко образование е многу актуелно во Косово и придонесува кон збогатување на изборот на музичко образование. Приватните училишта исто така воведуваат нови жанрови за кои постои интерес, а не се присутни во официјалните наставни планови и програми во државните музички училишта. И во приватните училишта, пијаното е прв избор.

И покрај популарноста на пијаното, малку е познато кои методи се користат во наставата по пијано. Само приближно можеме да знаеме што би можело да се користи од методите за свирење на инструментот, но не го знаеме, емпириски, нивото на застапеност на одреден/и метод/и, односно школи за пијано. Исто така, не знаеме кои техники, школи или пијанистички методи се користат во приватните училишта. Целта на

ова истражување е да се расветли ова главно прашање. Дали наставниците по пијано користат одреден специфичен метод за изучување на пијаното? Кои почетни школи се користат во наставата по пијано во Косово?

### 1.2 Досегашни истражувања

Постојат неколку магистерски трудови изработени на Универзитетот во Приштина кои индиректно се поврзуваат со нашето предложено истражување. Бислими (Bislimi, 2018) во својот труд за спроведувањето на наставниот план и програма за пијано во основното музичко образование, изнесува податоци дека учениците од прва година започнуваат со часови по пијано со книгите на Бастијен и продолжуваат со методот на Јела Кршиќ. Но, ова истражување се однесува само на едно училиште со многу ограничен број на испитаници.

Асланај (Asllanaj, 2010) во магистерскиот труд за важноста на постепената настава по пијано во основното музичко училиште, заклучува дека, без оглед на методот за пијано што се користи со учениците, постепената настава треба да се прилагоди на типот на ученикот. Тој идентификувал четири типа ученици во однос на нивните вродени вештини и, според Асланај, постепеното прилагодување кон посложен музички материјал е поважно од специфичниот метод на наставата.

Хасани (Hasani, 2011), во магистерскиот труд *Избор на најсоодветен метод во наставата по пијано за почетници* заклучува дека совладувањето на елементите од музичката теорија може многу да помогне во практичната настава по пијано, затоа што свирењето пијано се заснова на свесно разбирање на музичките концепти. Во ова истражување, учениците кои го користеле илустративниот прирачник со елементи од музичката теорија заедно со школата на Јела Кршиќ, покажале подобри перформанси и зрелост при свирењето на пијано.

Буњаку (Bunjaku, 2020) наведува дека во текот на првата година треба да биде во доволна мера совладано читањето ноти и во поголем дел да бидат совладани првите книги и технички вежби А и Б од школата на Бастијен, со што би се овозможило премин кон понапредните школи (во зависност од индивидуалниот избор на наставникот). За време на првата година, покрај негувањето љубов кон свирењето пијано, наставниците

треба постојано да бараат од учениците да ги слушаат подобро музичките мотиви и фрази, односно *да се слушаат себеси* за време на изведбата (ibid.).

Според Чунг (Chung, 1992), двата најпопуларни методи користени во Кореја по 1970 година биле методите на Бастијен и на Џон Томпсон. Овие два американски методи биле и причината зошто методот на Бајер бил напуштен по 1970 година (ibid., 3–4). Американските почетни школи за пијано се лесни за проследување, меѓудругото затоа што се прилагодени на детската возраст и во визуелна смисла. Книгите изобилуваат со цртежи кои го прават изучувањето на пијаното многу привлечно и интересно. Цртежите се поврзани со кратки композиции и одговараат на насловот на композициите, како и на приказната, стиховите и расположението кое треба да се долови. На тој начин, преку цртежите учениците добиваат впечаток за расположението и стилот на композициите. Дополнителен поттик претставува разновидноста на бои на страниците на книгите.

Чунг во својата докторска дисертација (Chung, 1992) тврди дека методот на Бајер е застарен и дека повеќето композиции не им се забавни на учениците во Кореја, ниту пак го поттикнуваат интересот за свирење пијано *per se*. Според неговото искажување, композициите во оваа школа се повеќе замислени како технички вежби; тие се стилски и мелодиски монотони, не постои разновидност во однос на должината на фразите, текстурата, ритамот, хармонијата, придружните фигури и мелодиските линии. На пример, придружбата најчесто е еднолична со едноставни разложени акорди. Чунг заклучува дека методот на Бајер не ги охрабрува учениците по пијано да ја користат сонорноста на инструментот, звучните бои и опсегот на клавијатурата (ibid., 138–139).

Томас-Ли во својата докторска дисертација (Thomas-Lee, 1996) пишува за методот на Џон Томпсон (John Thompson’s *Teaching Little Fingers to Play*), кој е еден од најпознатите методи со користење на т.н. позиција на средно C (Middle-C position). Методот датира од 1936 година и сè уште се користи; учебникот се реиздава до денес. Се смета дека оваа школа за пијано е првата која го популаризира методот со средно C. Ученикот кој прв пат се запознава со клавијатурата, започнува да свири пократки мелодии додека истовремено ги учи ритмичките поделби во позиција на палците на средно C.

Меѓу основните методи за пијано, Чаклак (Çağlak, 2017) го издвојува методот на Николаев, кој припаѓа на руската школа и кој бил официјално препорачан метод во музичките училишта во Советскиот Сојуз. Композициите и вежбите во оваа почетна

школа не подразбираат фиксна позиција и положбата на раката се менува во секоја вежба. Оваа школа е изградена врз основа на множество разновидни вежби и композиции: дел од нив се напишани само во еден клуч, дел се проследени со стихови, дел од вежбите најпрво се прават со една рака и потоа се изведуваат заедно со стиховите итн.

Милена Рајковиќ во магистерскиот труд одбранет на Факултетот за музичка уметност во Скопје (Rajković, 2011), споредува 10 почетни школи кои се користеле во наставата по пијано во Србија. Тоа се шест школи од странски автори (Ф. Бајер, Мац – Шабан, Џ. Томпсон, Ш. Сузуки, Џ. Бастиен и А. Николаев), и четири школи од српски автори (Даница Крстиќ, Јела Кршиќ, Мирослава – Лили Петровиќ и Биљана Крстиќ и Драгана Петковиќ). Анализа е направена согласно 25 параметри, меѓу кои се свирење по слух, описменување, свирење со десна и лева рака, свирење со придружба на педагогот, динамика, педал итн. Покрај ова, авторката спровела анкетен прашалник за користење на почетните школи кај 218 педагози по пијано во 11 музички училишта во Србија, во градовите Ниш, Алексинац, Лесковац, Књажевац, Шабац, Крагујевац и Белград.

### 1.3 Потреба, значење и цели на истражувањето

Недостигот на трудови од поголем обем за методите на наставата по пијано, со посебен акцент на почетните школи за пијано кои се користат во Косово, ме заинтригира да направам истражување во кое би биле вклучени сите музички училишта во Косово. Многупати поставував прашања на состаноци и дебати со други колеги за време на заеднички конференции помеѓу училишта и семинари, со цел да отворам прашања и проблеми што треба да се решат, имајќи ја предвид важноста на почетната школа за пијано за правилно поставување и давање насоки за натамошен развој на ученикот по пијано. Овде ја лоциравме и потребата за спроведување на едно поголемо истражување за почетните школи по пијано во Косово кое се фокусира на три главни цели:

1 Да се идентификуваат почетните школи по пијано кои се користат при работата со ученици од прва година.
2 Да се одреди редоследот на поставување приоритет на музичките елементи (учење/идентификација на тонови, вежби за позиција на рака, вежбање по ритам).
3 Да се провери кои надворешни фактори влијаат на користењето на одредени почетни школи за пијано.

Поаѓајќи од дефинираните цели на истражувањето, ја предложивме темата на трудот која гласи: „Почетните школи за пијано во Косово".

### 1.4 Дефиниција на тема

Терминот *почетна школа за пијано*, кој е воедно и главниот сегмент на темата, се однесува на видовите учебници кои се наменети за почетна настава по пијано, односно за работа со ученици во прва година на основното музичко образование. Овие школи може да имаат разновидни наслови, на пример, вежбанка, читанка, хрестоматија, практикум, работна тетратка и сл. Овие учебници се еден сегмент од комплетен метод за настава по пијано. Тие се наменети за употреба со ученик почетник, содржат вежби за постепен развој, вклучуваат мали композиции и технички вежби, и во најновите изданија можат да бидат придружени со аудио и видео материјали. Во истражувањето се вклучени почетните школи за пијано наведени во наставниот план и програма на Министерството за образование на Република Косово од 2013 година, како и почетните школи кои наставниците по пијано ги имаат воведено на некој друг начин.

Вториот сегмент на темата, *Косово*, се однесува на примената на овие школи во осумте државни и шесте приватни основни музички училишта во осум градови/општини на територијата на Република Косово, со вклучување на сите наставници по пијано кои работеа со ученици почетници во учебната 2021/22 година. Предмет на ова истражување не се курсевите по пијано за кои не е добиена дозвола за работа од Министерството за образование на Косово, меѓу кои се и разните форми на приватни часови и дополнителна настава.

### 1.5 Претпоставки, истражувачки проблем, истражувачки прашања

Во истражувањето тргнуваме со претпоставка за користење на почетните школи за пијано предвидени во наставниот план и програма на Министерството за образование на Република Косово од 2013 година, во основните музички училишта во Косово. Втората претпоставка се однесува на разликите во спроведувањето на методските единици на овие школи. Исто така, претпоставуваме дека надворешните фактори (пол, возраст, образование и музичко училиште) влијаат врз изборот на почетна школа за пијано во Косово. Истражувачкиот проблем е насочен кон евидентирање на почетните школи за

пијано кои се користат во музичките училишта во Косово и разликите во начинот на нивното спроведување. Одовде се дефинираат следните истражувачки прашања:

1 Кои почетни школи за пијано се употребуваат, односно се следат во првата година на основното музичко образование?
2 По кој редослед се става приоритет на музичките елементи содржани во почетните школи за пијано?
3 Кои надворешни фактори влијаат врз изборот на почетната школа за пијано во Косово?

## 2 Почетната настава по пијано во Косово

Во ова поглавје најпрво ќе дадеме податоци за основните и приватните музички училишта во Косово, во кои го спроведовме нашето истражување. Потоа ќе се осврнеме на учебниците, односно на почетните школи за пијано кои се предвидени со наставниот план и програма на Министерството за образование на Република Косово од 2013 година, како и на почетните школи воведени од самите наставници по пијано.

### 2.1 Музичките училишта во Косово

Како што кажавме во делот со дефинија на темата, во Косово во учебната 2021/22 година, кога беше спроведено истражувањето, работеле осум државни музички училишта и шест приватни музички училишта. Во натамошниот текст ќе ги претставиме сите 14 музички училишта со бројот на наставници и бројот на ученици кои биле вклучени во наставата во претходната учебна година, 2020/21, кога беше правена подготовката за истражувањето.

#### 2.1.1 Основни музички училишта

„Лоренц Антони“ – Призрен (“Lorenc Antoni” – Prizren) е првото музичко училиште основано во Косово. Го носи името на музичкиот педагог Лоренц Антони, основоположник на косовската музичка педагогија и прв директор на првото музичко училиште на Косово. Основано во 1948 година, училиштето било и останува еден од најзначајните музички наставни центри за многу музички уметници кои и во моментов се активни низ целото Косово. Кон ова придонесува и фактот што до крајот на 1990 година беше единственото училиште за регионот Дукаѓин (западниот дел на Косово). Во него во учебната 2020/21 година биле ангажирани 49 наставници, од кои 19 наставници по пијано. Наставата по пијано ја следеле 150 ученици, од кои 14 биле запишани во прва година.

„Фаик Силка“ – Раховец/Ораховац (“Faik Sylka” – Rahoveci) е новоформирано музичко училиште иницирано од музичкиот педагог и гитарист Насер Дула. Станува збор за училиште кое започнува со работа во 2013 година, со помал број ученици, и оттогаш постојано се развива. Како релативно ново училиште, со само 12 наставници, делува само како основно музичко училиште. Во него во учебната 2020/21 година

работеле тројца наставници по пијано и биле запишани 48 ученици по пијано, од кои 25 биле почетници.

„Халит Касаполи“ – Пеќ (“Halit Kasapolli” – Pejë) е второто музичко училиште во регионот Дукаѓин. Основано е во 1976 година. Музичкото училиште има доживеано многу штета за време на војната во 1999 година, кога најголемиот дел од документацијата била изгубена поради пожарот. Дејствува како основно и средно музичко училиште. Во учебната 2020/21 година во него работеле 23 наставници, од кои 8 наставници по пијано, а во наставата биле вклучени 167 ученици, од кои 27 биле запишани во прва година.

Музичкото училиште – Гњилане (Shkolla e Muzikës – Gjilan) е релативно ново училиште кое започнува да работи како основно училиште во 1980 година, а од 1997 година прераснува во средно училиште. Гњилане е место во југоисточно Косово, каде живеат и работат повеќе уметници, а училиштето се смета за едно од најдобрите и во него учат многу посветени ученици. Училиштето работи во две стари згради со многу лоша инфраструктура. По иницијатива на уметничката заедница, неодамна започнат е проект за изградба на модерно училиште, но проектот е во застој од непознати причини. Во учебната 2020/21 година во него работеле 56 наставници, од кои 20 биле наставници по пијано, а запишани биле 240 ученици по пијано, од кои 60 биле запишани во прва година.

„Ческ Задеја“ – Феризај/Урошевац (“Çesk Zadeja” – Ferizaj) е едно од поновите музички училишта во Косово. Од основањето во 1996 година како основно училиште, забрзано се развива и само по четири години (во 2000 година) воведува и средно музичко образование. Во учебната 2020/21 година биле ангажирани 38 наставници, од нив 16 биле наставници по пијано. Тие им предавале на 84 ученици, од кои 19 биле запишани во прва година.

„Тефта Ташко“ – Митровица (“Tefta Tashko” – Mitrovica) е музичко училиште основано во 1954 година. И покрај фактот што многу успешни музичари доаѓаат од Митровица, училиштето, за жал, не расте како другите училишта. Училиштето прераснува во средно музичко училиште дури во 2005 година. Во учебната 2020/21 година во него работеле 35 наставници, од кои осум биле наставници по пијано. Наставата по пијано ја посетувале 155 ученици, од кои 27 биле запишани во прва година.

„Пренк Јакова“ – Ѓакова/Ѓаковица (“Prenk Jakova” – Gjakova) е музичко училиште основано во 1970 година како основно училиште. До 2005 година работеше во многу лоши услови. Во 2010 година многу засегнати страни се ангажираа и успеаја да изградат модерна училишна установа. Училиштето е домаќин на многу настани поврзани со музичката заедница, како и настани на ниво на општината. Во учебната 2020/21 година во училиштето работеле 46 наставници, од кои 12 наставници по пијано, и имало 96 ученици по пијано, од кои 25 биле почетници.

„Пренк Јакова“ – Приштина (“Prenk Jakova” – Prishtina), претходно „Стеван Мокрањац“, е првото музичко училиште во Приштина – главниот град на Косово. Основано е во 1949 година и е второто музичко училиште во Косово, отворено по училиштето во Призрен. Тоа е дом на многу денешни уметници, меѓу нив и универзитетски професори. Наставниот кадар од Приштина им помагаше на другите музички училишта сè до нивното прераснување во средни музички училишта. Во споредба со другите училишта има најдобро разработени планови и програми за сите музички предмети. Во учебната 2020/21 година во училиштето работеле 68 наставници, од кои 27 наставници по пијано, и во него биле запишани 339 ученици по пијано, од кои 73 во прва година.

### 2.1.2 Приватни музички училишта

Приватни музички училишта постојат низ цело Косово, и се особено актуелни во Приштина. Како што наведовме и погоре, новите регулативи овозможуваат регистрација на приватни музички училишта во согласност со условите пропишани од Министерството за образование. И покрај законските и техничките барања, во повеќето случаи останува отворено прашањето за спроведувањето на наставниот план и програма кај овие училишта. Дипломите (свидетелствата) издадени од овие училишта се признаваат на сличен начин како и дипломите од државните музички училишта, што овозможува трансфер помеѓу училиштата.

„Амадеус“ (“Amadeus”) е првото регистрирано не-јавно (приватно) музичко училиште на Косово. Основано е во 2002 година и е со седиште во Приштина. Во учебната 2020/21 година во него биле ангажирани 13 наставници, од кои четворица

наставници по пијано. Училиштето имало 18 ученици по пијано, од кои шест биле запишани во прва година.

“Misbah & Friends” е престижно и најголемо приватно музичко училиште со седиште во Приштина, основано во 2010 година. Во учебната 2020/21 година имало 29 наставници, 12 од нив биле наставници по пијано на 119 запишани ученици по пијано, од кои 36 биле запишани во прва година.

„Илзат“ (“Yllzat”) е приватно музичко училиште со седиште во Приштина, основано во 2015 година. Во учебната 2020/21 година броело 15 наставници, од кои осум наставници по пијано. Имало 60 ученици по пијано, од кои 42 биле запишани во прва година.

„Мелодија“ (“Melody”) е приватно музичко училиште со седиште во Приштина, основано во 2018 година. Во учебната 2020/21 година во него биле ангажирани осум наставници, од кои три наставници по пијано. Наставата по пијано ја посетувале 11 ученици, од кои шест биле запишани во прва година.

„Бетовен“ (“Beethoven”) е најновото приватно музичко училиште со седиште во Приштина. Основано е во 2019 година. Во учебната 2020/21 година имало осум наставници, и четири од нив биле наставници по пијано. Наставата по пијано ја посетувале 12 ученици, и пет од нив биле почетници.

„Мјелмат“ (“Mjellmat”) е ново приватно музичко училиште со седиште во Феризај/Урошевац. Основано е во 2018 година. Во учебната 2020/21 година во него биле ангажирани девет наставници, од кои два биле наставници по пијано. Наставата по пијано ја посетувале 15 ученици, од кои четири биле запишани во прва година.

Покрај музичките училишта, како и секаде, постојат многу курсеви за пијано кои работат и обезбедуваат наставни услуги, но не се регистрирани/лиценцирани како образовни институции во рамките на Министерството за образование.

### 2.2 Почетни школи за пијано

Во текстот што следи, е направен преглед на почетните школи за пијано кои се користат во музичките училишта во Косово. Како што кажавме и во делот со дефиницијата на темата, терминот *почетна школа* се однесува на видовите учебници со нивните различни наслови, како на пример: вежбанки, читанки, практикуми, работни

тетратки и сл., кои се наменети за почетна настава по пијано, односно за работа со ученици во прва година.

### 2.2.1 Почетни школи за пијано од официјалната програма

Она што е наследено како југословенски стандард е методот за изучување на пијаното во изданијата на **Јела Кршиќ (Jela Kršić)** наменети за сите години на основното музичко образование, односно од прва до шеста година. Нејзината ***Почетна школа за пијано*** се состои од учење на тоновите и совладување на ритамот, а понатаму следат понапредни вежби со комбинирање на овие елементи. Свирењето на црните клавиши се воведува некаде на половина на почетната школа. Оригиналните изданија на Јела Кршиќ се ревидирани во Србија по 1990-тите години (Beomelody, 2021), но во Косово сè уште се користат старите учебници од југословенскиот период, иако не се присутни во официјалниот наставен план.

На многу наставници во денешно време им е тешко да започнат со школата на Јела Кршиќ. Полесните и позабавни школи и методи во Косово се појавуваат на почетокот на 1997 година. Еден од нив е **почетниот пијано-метод на Бастијен (James Bastien)** изложен во серија изданија распределени во четири целини (основни вежби, технички вежби, ритмички вежби и мали композиции). Школата на Бастијен е дел од наставниот план во соседните земји, како на пример, Црна Гора (Zavod za školstvo, 2018), и исто така е дел од наставниот план на Министерството за образование на Косово (MASHT, 2013). Според Лоеве (Loewe, 2021), во *Primer A* од школата на Бастијен преку јасен методски пристап се воведуваат ритмичките вежби, во *Primer B* се вежба читање тонови и интервали, а во *Нивоата 1* и *2* се воведуваат акордите. Школата на Бастијен се смета за многу лесен и брз метод за совладување на пијаното на почетно ниво.

Многу интересна, но не толку популарна школа е ***Подготвителната школа за пијано*** (*Vorschule im Klavierspiel*), оп. 101 на **Бајер (Ferdinand Beyer)**. Се состои од лесни вежби кои започнуваат во позиција C со ознаки на прстите 1-2-3-4-5 на CDEFG. Овој метод се користи кај постари ученици кои се почетници, но некои наставници претпочитаат да го користат и со деца почетници. Школата повеќе наликува на збирка вежби отколку метод за пијано, и нејзините нови изданија упатуваат да се користи како

почетен метод со насоки дадени од наставникот или како дополнување на основната школа (Music Junction, 2021).

***PlayTime Piano I, II*** на авторите **Ненси и Рендал Фејбер (Nancy and Randall Faber)** се почетни школи за пијано за кои пред почетокот на истражувањето немавме податоци дали се користат во музичките училишта во Косово, но ги вклучивме затоа што сепак се наведени во наставниот план. Слично на изданијата на Бастијен, изданијата на Фејберовите *Авантури со пијаното* (*Piano Adventures* е називот на нивниот метод) се дизајнирани со многу цртежи за да го задржат вниманието на учениците на рана возраст (Loewe, 2021). Овие школи, меѓудругото, вклучуваат композиции од популарните жанрови. Преку Фејберовата школа комбинирано се изучуваат основите на музичката теорија (ритам и такт, скали и основи на хармонија) и се совладуваат технички вежби. Истражувањето, како што ќе видиме во делот со резултатите, покажува дали овој метод воопшто се користи на Косово.

Школата за пијано на **Александр Александрович Николаев (*Фортепианная игра*)**, како наследство на големата традиција на руската пијанистичка педагогија, претставува бисер помеѓу почетните методи за пијано. Се состои од два дела или две книги. Повеќето наставници кои ја имаат школата обично ја користат старата руска книга. Единствениот англиски превод кој е достапен е од понов датум (Amazon, 2021). Школата е карактеристична по прогресивниот интуитивен метод во почетната настава по пијано, кој ја буди детската фантазија. Повеќе претставувања на овој метод може да се најдат на YouTube (Vartic, 2012).

***Микрокосмос*** е збирка композиции на **Бела Барток** кои се поврзуваат со почетната настава по пијано. Збирката е високо ценета кога станува збор за работа со ученици по пијано кои ги прават првите чекори, а за понапредните ученици таа може да послужи како многу добар извор за вежбање на читање *а виста*. Пијанистите и учениците по пијано од различни возрасти се обраќаат кон оваа збирка не само поради уметничката вредност на композициите на Барток, туку и поради методски внимателно распределениот материјал за учење и постепено совладување на пијаното. Мора да се забележи дека исклучително прогресивната промена на тежината на композициите е некако пребрза, особено за денешните ученици. Според Хоран (Horan, 1957), збирката *Микрокосмос* прави продлабочен увид не само во стилот и методот на Барток, туку и во

современата музика (за времето во кое е создадена, од 1926 до 1939 година), и сето ова додека полека и сигурно ги развива талентот и вештините на младиот пијанист.

Иако не станува збор за класична школа за пијано, изданијата со технички вежби ***A Dozen a Day*** на **Една Меи Бурнам (Edna Mae Burnam)**, кои се вклучени во официјалниот наставен план, може да се користат во почетната настава по пијано во Косово. Како што кажува и насловот, понудени се десетина кратки технички вежби многу погодни за загревање, што секојдневно треба да се поминуваат.

2.2.2 Почетни школи за пијано надвор од официјалната програма

Покрај основните почетни школа за пијано предложени во официјалната програма на Министерството за образование, наставниците по пијано во Косово, како што ќе видиме и во поглавјето со резултатите, во наставата ги имаат воведено следните почетни школи за пијано: Томпсон – *Најлесните часови по пијано,* Агај – *Учиме да свириме пијано*, Флечер – *Школа за пијано, Алфредовата основна школа за пијано,* Харуко Катаока - *Сузуки пијано метод*, Бурнам – *Мали музички чекори,* Агнестиг – *Ние свириме пијано* и Шарл/Жаклин – *Школа за пијано*. Во натамошниот текст ќе ги претставиме овие школи.

Почетната школа на **Џон Томпсон** (**John Thompson's *Easiest Piano Course***) се користи од 1955 година. Методот е распределен во повеќе книги согласно нивоата на изучување на пијаното. Секоја од книгите има додаток со песнички преку кои ученикот ја подобрува вештината на читање ноти и го гради својот музички репертоар. Покрај ова, книгите содржат вежби за пишување ноти, вежби за солфежирање и технички вежби. Книгите се илустрирани со колоритни ликови, разновидни фонтови на букви и се збогатени со игри и гатанки. Истражувањето на Гуо (Guo, 2020) покажува дека методот на Томпсон е најзастапениот метод кај наставниците по пијано во Кина (со 68%). Популарноста на овој метод се должи на разновидноста на содржини, наспроти кинеските школи за пијано кои се фокусирани само на прстите и техниката. Според Гуо, школите за пијано објавени во комунистичкиот период во Кина немаат привлечен дизајн и илустрации како колоритните учебници од западните земји. Со почетните школи како учебникот на Томпсон, учениците по пијано добиваат подобар впечаток за музичкото дело кое го совладуваат. Преку примерите во почетната школа за пијано на Томпсон учениците

постепено го совладуваат нотниот текст и новите позиции на раката од C од прва октава со ширење на опсегот. Според Гуо, Томпсоновиот начин на градење на нотните примери со постепено ширење на опсегот е подоцна копиран од други автори на почетни школи (ibid.).

Преку содржините на школата на **Агај** (**Denes Agay –** ***Learning to Play Piano***) постепено се совладуваат мелодиски примери и вежби кои овозможуваат учење на основите на пијаното чекор по чекор. Оваа почетна школа изобилува со мелодичен репертоар на композиции во кои се поврзани техниката, теоријата и интерпретацијата. И кај оваа школа појдовната основа е „методот на средното C“ слично како кај школите на Бастијен и Томпсон. Станува збор за најзастапениот метод на почетна настава по пијано во Турција. Нејзиниот метод е насочен кон стекнување на основните технички вештини и начини на совладување на нотен текст во воведната обука по пијано. Методот содржи вежби со користење на двете раце од иста положба, кои почнуваат со првите прсти на двете раце. Ученикот ги совладува вежбите самостојно и со поддршка од наставникот (Öztürk, 2020). Агај во својата школа го става акцентот на правилното поставување на прсторедот и забележува дека тоа е една од првите и најважни фази во почетната настава по пијано. Импровизирањето или употребата на несоодветен прсторед може да доведе до губење време и разочарување (Agay, 2010).

Почетната школа на Лејла Флечер (**Leila Fletcher –** ***Piano Book***) е уште еден пристап со користење на методот на средно C. Авторката Флечер смета дека вежбите најпрво треба да се научат напамет, и дури потоа да почнат да се читаат по ноти, односно поаѓа од филозофијата на образование со совладување на содржините од познато кон непознато. Вежбите во оваа школа се засноваат на познати мелодии и дуети кои ученикот ги свири заедно со наставникот. Примерите во книгите се со јасни ознаки на клавишите, користат едноставен јазик и интересни текстови, а вклучени се и наставни содржини со повторувања и проверки на совладаното. Школата на Флечер се издвојува и заради избраните примери од музичката литература. Според Рупел (Ruppel, 1957) примерите во школата се со висок уметнички квалитет и ги опфаќаат сите аспекти на воведната настава по пијано. Скоро сите примери се во опсег од пет тона од двете страни на средното C. Рупел забележува дека во школата не е посветено доволно внимание на хармонскиот план, укажува на пропусти во ритмичките вежби, и увидува дека помеѓу вежбите кои се свират

и пеат постојат песнички кои се надвор од опсегот на детскиот пејачки глас. Коста (Costa, 2012) забележува дека во примерите од оваа школа прсторедот е наведен буквално за секој тон. Коста смета дека ова е непотребно затоа што учениците треба и да се стимулираат да користат логички прсторед, каде прстите се означуваат само во случај на поместување на раката.

***Алфредовата основна школа за пијано*** (***Alfred's Basic Piano Course***) на авторите **Палмер, Манус и Летко** (**Willard A. Palmer, Morton Manus, Amanda Vick Lethco**), се разликува од школите со користење на методот на средно C, бидејќи е наменета и за деца и за возрасни почетници. Методот визуелно го воведува секој концепт и ако ученикот има основно музичко образование, се преминува на основните акорди, позициите на прстите и менувањето на октавите. Секој нов концепт е воведен со кратка мелодија и она што се совладува непосредно се применува во практиката. Школата не содржи опсежни текстуални објаснувања. Според Ероглу (Eroglu, 2018), пијано придружбата и хармонскиот начин на совладување на композициите не се доволно развиени во почетните методи за пијано. Ероглу го издвојува *Алфредовиот* учебник како најдобар метод за пијано преку кој се совладуваат вештините за придружбата. Покрај ова, тој наведува дека *Алфредовиот* метод е најсоодветен за совладување на основните техники на пијаното и учење на основите на музичката теорија.

Иако методот Сузуки првично е развиен за виолина, тој е прилагоден и за пијано преку школата на **Харуко Катаока** (**Haruko Kataoka – *Suzuki Piano Method***). Премисата на овој пристап, според Ло (Lo, 1993), е дека свирењето по ноти, односно учењето да се свири по ноти, треба да се одложува сѐ додека ученикот не стекне прилично високо ниво на изведувачка вештина. Сузуки методот се базира на интуитивен начин на учење, исто како кога детето почнува да зборува и да изразува зборови пред да знае да чита или пишува. Резултатите од истражувањето на О’Нил (O’Neill, 2003) покажале дека учениците по пијано кои го практикувале методот на Сузуки вложувале повеќе време од учениците по виолончело и виолина во читање на партитурата и совладување на техниките на изведба. Ова е разбирливо доколку се земе предвид разликата во обемот на партитурите за пијано наспроти оние за гудачки инструменти. Според О’Нил, овој метод е популаризиран околу 2000 година (заради интернетот), но набрзо интересот за него опаднал, бидејќи пијанистите обучени со овој метод ги развивале импровизациските вештини и не

развивале дисциплина за совладување на сложениот пијанистички репертоар. Комо (Comeau, 2002) наведува дека свирењето по слух не дава гаранција дека кога ќе се воведат музичките симболи автоматски ќе може внатрешно да прозвучи и да се сфати нотацијата. Развивањето на способноста за именување на тоновите е важен чекор кој обезбедува добри слушни вештини.

Школата ***Мали музички чекори*** на **Една Меи Бурнам (Edna Mae Burnam –** ***Ministeps To Music*****)** содржи шест дела, објавени во 1959 година. Станува збор за школа која постепено го внесува ученикот во пијанистичкиот свет со логичен редослед на елементите на изведба. Методот е поделен на она што Бурнам го нарекува „фази“. Школата *Мали музички чекори* ги претставува сите клавиши (со диези и бемоли), и како многу други методи започнува од позиција на средно C (Scriba, 2010).

Школата ***Ние свириме пијано*** (**Carl-Bertil Agnestig** – ***Vi spelar piano***) прв пат била објавена во 1958 година, и поради игривиот и исклучително добро осмислен метод била третирана како нешто сосема ново. Оттогаш, книгата е поставувана на пултевите на пијаната во Шведска повеќе од која било друга партитура. Со текот на годините, оваа школа придонела за стотици илјади детски први чекорчиња во свирењето пијано. Музичката педагогија на Карл-Бертил Агнестиг сѐ уште се истакнува како визионерска и модерна (F-musiikki.fi, 2022). Со појавувањето, школата веднаш се поставила како стандард. Мелодиите од кои се изградени малите композиции вклучени во неколкуте книги на школата се широко препознатливи. Според Хилен (Hylén, 2006), *Vi spelar piano 1* е најпродаваната школа за пијано за почетници во Шведска и не е изменета уште од нејзиното прво издание.

Школата за пијано на **Шарл/Жаклин** (**Charles/Jacqueline –** ***Piano method book***) се состои од стандардни вежби кои овозможуваат постигнување на исправна положба на телото и рацете, како и од мали композиции преку кои се развива музичката свест, се запознава клавијатурата и започнуваат да се изучуваат тоналитетите. Поврзувајќи ги вежбите и композициите од оваа школа, ученикот по пијано стекнува сеопфатен и имагинативен поглед на можностите на пијаното. Секој дел на школата на Шарл/Жаклин завршува со дел насловен „запознавање со клавијатурата“, кој е посветен на специфични аспекти на техниката на изведба на инструментот (Lemoine, 2022).

## 3 Методологија

Како што беше споменато, главната цел на истражувањето е да се идентификуваат и утврдат почетните школи за пијано што ги користат наставниците по пијано во музичките училишта во Косово. Целото истражување е дизајнирано согласно постапките карактеристични за квантитативниот метод кој е основниот научен метод на кој се заснова истражувањето. Наставниците по пијано и нивните ставови во однос на почетните школи претставуваат главен извор на податоци.

### 3.1 Популација

Одлучивме да ја истражиме целата популација наставници по пијано во основните музички училишта во Косово, бидејќи сметавме дека поголемиот број на учесници во истражувањето ќе ни овозможи повеќе сознанија за користењето на различни методи во училиштата. Популацијата наставници по пијано кои работеа во музичките училишта во Косово во учебната 2021/22 година броеше 129 можни испитаници. Некои наставници по пијано работеа во две училишта (приватно и државно), па се очекуваше дека вкупниот број на испитаници може да варира. Како што ќе видиме понатаму, финалниот примерок на испитаници се сведе на 102.

### 3.2 Инструмент

Истражувањето користеше прашалник како главен истражувачки инструмент (Прилог 1). Структурата и содржината на прашалникот беа усогласени со истражувачките прашања и цели, и вклучуваа прашања за општите податоци за наставниците, како и прашања за почетните школи по пијано кои ги користат. Сите наставници по пијано во основното музичко образование добија прашалници во онлајн или во хартиена форма. Според Бужаровски (Bužarovski, 2012), истражувањето, без оглед дали е усмено или писмено, мора да содржи изјава на истражувачот која вклучува наслов и опис, цел, услови на употреба на податоци, одобренија на релевантни органи и просечно време потребно за пополнување на прашалникот. Особено важен фактор во структурата на прашалникот е времето потребно за неговото пополнување. Времето има директно влијание врз резултатите, каде што мотивацијата и вниманието играат значајна улога (ibid.).

Квалитативното истражување не беше главниот фокус на ова истражување, но беше користено како поддршка на квантитативниот пристап. Квалитативниот дел се состоеше од неколку отворени прашања дизајнирани за откривање на нови одговори, кои ги надополнија резултатите од квантитативното истражување.

### 3.3 Процедура

Пред испраќањето на прашалникот до целната група наставници по пијано, беа извршени следните чекори: 1) побарано е формално писмено одобрение од директорите на училиштата за спроведување на истражувањето; и 2) истражувачот оствари контакт со секој потенцијален испитаник за да го/ја информира за прашалникот и да го/ја замоли да учествува. Наставниците беа контактирани главно телефонски и/или по мејл. Во ерата на технологијата, и особено поради пандемијата со вирусот Ковид-19, беше императив прашалникот да биде составен и спроведен онлајн, преку web-survey service provider. Прашалникот беше поставен на платформата SurveyHero, која овозможи непречена контрола и управување со податоците.

Пред почетокот на главното истражување, беше спроведено пилот-истражување со помала група наставници кои предаваат други инструменти (виолина, гитара, кларинет, флејта). Целта на пилот-истражувањето беше да се добијат повратни информации за процесот на пополнување на онлајн прашалникот и да се идентификуваат можни проблеми со дистрибуцијата на прашалникот. Пилот-истражувањето се покажа како многу корисно бидејќи идентификувавме помали технички проблеми со дел од прашањата кои не беа јасни за пилот-испитаниците. Овие прашања беа корегирани пред да се започне со дистрибуцијата на прашалникот.

Списокот на сите наставници по пијано со нивните електронски адреси беше составен со помош на директорите на училиштата. Поканата за учество во истражувањето беше испратена преку мејл, со вклучен линк до онлајн прашалникот. Поради тоа што повеќето наставници користеа паметни телефони и веќе беа навикнати на онлајн часови, контактирањето преку интернет не претставуваше проблем. За оние испитаници кои не беа подготвени да го пополнат прашалникот онлајн, се обезбедија пропратни писма, упатства и хартиени прашалници. Придружното писмо содржеше информации за предметот и целите на истражувањето, со нагласување дека учеството е целосно

доброволно и дека одговорите ќе бидат заштитени како доверливи податоци. Истата изјава на истражувачот беше вклучена и во дигиталната форма на прашалникот, по кликнување на линкот во мејлот.

Процесот на дистрибуција на прашалникот започна на 28 март 2022 година и заврши на 18 април 2022 година. За дистрибуција на прашалникот најмногу беа користени социјалните мрежи и сервиси за четување, како Viber и Facebook. Динамиката на одговарање на прашалниците може да се следи во сликите 1 и 2. Финалниот примерок на пополнети прашалници се сведе на 102.

Забележавме дека 10 испитаници го прекинале пополнувањето на прашалникот веднаш по прашањето каде што корисникот треба да го избере своето училиште од *паѓачкиот* список. Не сме сигурни зошто некои од наставниците не сакале да го откријат училиштето каде што работат, бидејќи сите прашања беа поврзани само со методите за пијано и прашалникот не содржеше прашања за лични податоци, како што се име и презиме или контакт информации.




Слика 1. Дистрибуција на одговорите според извештајот генериран на SurveyHero.com




Слика 2. Дистрибуција на одговорите според датуми (генерирано од SurveyHero.com)

Платформата SurveyHero покажа дека мнозинството од испитаниците користеле мобилни уреди за пополнување на прашалникот (96.1% корисници на мобилни уреди наспроти 3.9% корисници на десктоп компјутер) (слика 3).

**Used platform**

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Desktop | 4 | 3.9 | 3.9 | 3.9 |
| | Mobile | 98 | 96.1 | 96.1 | 100.0 |
| | Total | 102 | 100.0 | 100.0 | |

Слика 3. Уредите кои испитаниците ги користеле при пополнување на прашалникот (генерирано од SurveyHero.com)

### 3.4 Обработка

Податоците од SurveyHero беа преземени во Excel формат (xls) и понатаму беше разработена база на податоци во статистичкиот софтвер SPSS (слики 4 и 5). Податоците се анализираа со фреквенциски дистрибуции и контингентни табели.




| | Name | Type | Width | Decimals | Label | Values | Missing | Colum... | Align | Measure | Role |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Unique_ID | String | 8 | 0 | Numri unik i participantit | None | None | 8 | Left | Nominal | Input |
| 2 | platform_used | String | 8 | 0 | platforma e perdorur | None | None | 8 | Left | Nominal | Input |
| 3 | meth_piano_zgjedhja | String | 150 | 0 | 01 Cilën shkollë fillestar... | None | None | 23 | Left | Nominal | Input |
| 4 | Bastien_01 | Numeric | 8 | 0 | bastien primer | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 5 | Jela_Krshiq_02 | Numeric | 8 | 0 | jela krsic | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 6 | Beyer_03 | Numeric | 8 | 0 | Ferndinand Beyer | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 7 | Alfred_04 | Numeric | 8 | 0 | Alfred Piano School | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 8 | Thompston_05 | Numeric | 8 | 0 | Thompston | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 9 | Denis_Agaj_06 | Numeric | 8 | 0 | Denis Agaj | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 10 | Edna_Mae_Burnam_07 | Numeric | 8 | 0 | A dozen a day | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 11 | Edna_Mae_Burnam_08 | Numeric | 8 | 0 | Ministeps | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 12 | Leyla_Fletcher_10 | Numeric | 8 | 0 | Leyla Fletcher | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 13 | Faber_10 | Numeric | 8 | 0 | Faber Piano Adventures | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 14 | Bella_Bartok_11 | Numeric | 8 | 0 | Microcosmos | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 15 | Spieler_piano_12 | Numeric | 8 | 0 | Vl-spieler piano | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 16 | Suzuki_13 | Numeric | 8 | 0 | Suzuki Piano Method | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 17 | Bertil_14 | Numeric | 8 | 0 | Bertil | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 18 | Charles_Hervé_15 | Numeric | 8 | 0 | Charles Hervé & | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 19 | Nikolajev_16 | Numeric | 8 | 0 | Niikolajev | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 20 | Undefined_17 | Numeric | 8 | 0 | undefined methods | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 21 | num_of_meth_per_user | Numeric | 8 | 0 | Sum of methods per user | None | None | 8 | Right | Nominal | Input |
| 22 | meth_piano_arsyeja | String | 200 | 0 | 02 Na tregoni pse e për... | None | None | 74 | Left | Nominal | Input |
| 23 | Meth_vendimi_i_kolektivit | Numeric | 8 | 0 | 03 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 24 | Meth_vendimi_i_seksionit | Numeric | 8 | 0 | 04 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 25 | Meth_çmimi_i_librit | Numeric | 8 | 0 | 05 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 26 | Meth_shtepia_botuese | Numeric | 8 | 0 | 06 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 27 | Meth_dizajni_i_librit | Numeric | 8 | 0 | 07 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 28 | Meth_rekomandimi_i_kolegeve | Numeric | 8 | 0 | 08 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |
| 29 | Meth_Dicka_tjeter_vlera | Numeric | 8 | 0 | 09 Kur e zgjidhni metod... | None | None | 8 | Right | Scale | Input |

Слика 4. Прозорецот каде се дефинирани варијаблите (SPSS)



starting_methods.sav [DataSet1] - IBM SPSS Statistics Data Editor

File Edit View Data Transform Analyze Graphs Utilities Extensions Window Help

1 : Unique_ID 54823494 Visible: 53 of 53 Variables

| | Unique_ID | platform_used | meth_piano_zgjedhja | Bastien_01 | Jela_Krshiq_02 | Beyer_03 | Alfred_04 | Thompson_05 | Denis_Agaj_06 | Edna_Mae_Burnam_07 | Edna_Mae_Burnam_08 | Leyla_Fletcher_10 | Faber_10 | Bella_Bartok_11 | Spieler_piano_12 | Suzuki_3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 54823494 | Mobile | Metode per piano - J. Kersic | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 2 | 54823802 | Mobile | Jella Kershiq | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 3 | 54823887 | Mobile | Edna Mae Burnam - Ministeps to ... | . | . | . | . | . | . | . | 1 | . | . | . | . | |
| 4 | 54823901 | Mobile | Më parë kam përdor librin Metodë ... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | 1 | . | . | . | |
| 5 | 54825045 | Mobile | Sistemin Suzuki School te kombin... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 6 | 54825479 | Mobile | Bayern | . | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 7 | 54825572 | Mobile | Bastien: Piano for beginners Baye... | 1 | . | 1 | . | . | . | 1 | . | . | 1 | 1 | . | |
| 8 | 54825698 | Mobile | Metoden per Piano te autorit Jela ... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 9 | 54825863 | Mobile | Libri per piano klasa e pare Jella ... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 10 | 54826153 | Mobile | Perdorë metoda të kombinuara siç... | . | 1 | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | 1 | |
| 11 | 54826181 | Mobile | Bastien,dhe Jela Kršiq | 1 | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 12 | 54826224 | Mobile | Metoda per piano e perkthyer shqi... | 1 | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 13 | 54826424 | Mobile | Jella Kersic | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 14 | 54826782 | Mobile | Mesimi i notave , Vlerat e notave,l... | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 15 | 54826809 | Mobile | Bastien dhe J.Krsic | 1 | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 16 | 54826842 | Mobile | Bastien Piano Basics | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 17 | 54827176 | Mobile | Jela Krsic | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 18 | 54827609 | Mobile | Metode per piano nga Jela Krshic | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 19 | 54827754 | Mobile | Me Jela kersic | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 20 | 54827824 | Mobile | Librin "Bastien A" | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 21 | 54827843 | Mobile | Ferdinand Bayer | . | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 22 | 54828097 | Mobile | Në shkollën tonë punohet me librin... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 23 | 54828181 | Mobile | Jela Krsic - Metode per piano / kl I... | . | 1 | . | . | . | . | . | . | . | . | . | . | |
| 24 | 54828433 | Mobile | Denes Agay's - Learning to play pi... | . | . | . | . | . | 1 | . | . | . | . | . | . | |
| 25 | 54828721 | Mobile | Denes Agay' Learning to play piano | . | . | . | . | . | 1 | . | . | . | . | . | . | |
| 26 | 54830057 | Mobile | Metoden e Denes Agays | . | . | . | . | . | 1 | . | . | . | . | . | . | |

Data View Variable View

IBM SPSS Statistics Processor is ready Unicode:ON

Слика 5. Базата на податоци во SPSS

### 3.5 Етички аспекти

Прашалниците се дизајнираа на таков начин што се оневозможи идентификување на испитаниците во однос на нивните лични податоци. Како што е наведено погоре, истражувачот ги информираше учесниците за целите на истражувањето и за нивното учество на доброволна основа. Секој пополнет прашалник (електронски или физички) е поставен на безбедно место и само истражувачот има пристап до него.

### 3.6 Ограничувања

Поголемото ограничување на ова истражување очекувавме да биде постапката на дистрибуција и собирање на податоци. Со оглед на пандемичната ситуација, физичките контакти беа подолго време ограничени. За да го ублажиме ризикот во секој поглед, а сепак да не ја ограничуваме популацијата на истражувањето, им ја дадовме можноста за бирање помеѓу двете форми на прашалници, онлајн и хартиени.

Собраните податоци преку истражувачкиот прашалник по однос на прашањето бр. 6, за композициите кои најчесто наставниците ги задаваат на почетници, и прашањето бр. 12 за полот на испитаниците, кои овде не се анализирани, отвораат можности за

натамошна разработка на истражувачки прашања поврзани со почетната настава по пијано.

Во многу истражувања, кога прашањата се поврзани со проценка на нечија работа, постои ризик дека испитаниците можат да бидат селективни кон одговорите на поединечни прашања во прашалникот или во краен случај да одбијат да учествуваат во истражувањето. Имајќи предвид дека прашањата беа строго поврзани со професионалната работа и искуството со школите за пијано за почетници, најголемиот дел од наставниците одговорија со позитивен одговор на нашиот повик.

## 4 Резултати

Поглавјето со резултатите го организиравме во седум поголеми целини и при нивното изложување тежнеевме да го следиме редоследот на прашања во истражувачкиот прашалник. Најпрво се дадени резултатите во однос на изборот на почетна школа за пијано, заедно со начинот на дистрибуција на почетните школи за пијано низ музичките училишта. Следи делот со причините за користење на избраните почетни школи. Направена е и анализа на користењето на почетните школи согласно општите податоци за наставниците (возраста, педагошкото искуство, работното искуство како наставници по пијано и образованието). Во поглавјето ги вклучивме и резултатите од одговорите на прашањето поврзано со влијанијата врз одлуката на наставниците да изберат одредена почетна школа за пијано. Ги анализиравме и одговорите на прашањето што наставниците би додале/измениле во почетната школа, како и редоследот на музичките елементи на кои тие им даваат приоритет при наставата. Имајќи предвид дека истражувањето се одвиваше во текот на пандемијата со вирусот Ковид, овде ги вклучивме и резултатите од анализата на прашањата поврзани со начините на изведување на наставата по пијано за време на вонредната состојба.

### 4.1 Резултати во однос на изборот на почетна школа за пијано

Во фокусот на нашето истражување се резултатите од одговорите на првото и главно истражувачко прашање: 1. Која почетна школа за пијано ја користите со ученици во прва година? Беше дизајнирано како *отворено* прашање каде што учесниците можеа слободно да наведат еден или повеќе методи/школи за пијано што ги користат секојдневно во нивната наставна практика. Добиените одговори беа „преведени“ или кодирани согласно наведените школи/методи, односно беа квантифицирани. Прашањето беше дизајнирано без предложени одговори со предизбор или навестување на школите/методите што се одобрени од Министерството за образование на Косово, односно не ја ограничивме можноста испитаниците да одговорат на свој начин со свои зборови. На овој начин за ова прашање дознавме многу повеќе отколку што претпоставувавме, и доколку не беше вака дизајнирано немаше да имаме сознанија за многу значајни методи/школи за пијано што се користат во Косово.

Со кодирањето додадовме дополнителни колони во базата на податоци при што секоја претставуваше одредена книга/метод/учебник/школа. Како што ќе видиме во претставувањето на резултатите, во одговорите на испитаниците се појавија поголем број почетни методи/школи кои не се дел од програмата на Министерството за образование. За да добиеме уште подетален увид во користењето на почетните школи, направивме и контингентни табели со приказ на комбинацијата на методите што ги користеле учесниците во ова истражување.

4.1.1 Презентирање на фреквенциските дистрибуции за почетните школи

Во следните табели се приложени дистрибуциите во однос на поединечните почетни школи за пијано во Косово врз основа на одговорите добиени од првото прашање. Соодветно евидентиравме 15 методи (табела 1).

Во табелата 2 и сликата 6 се дадени резултатите во однос на бројот на школи кои еден наставник ги користи во наставата, односно колку наставници користат само еден метод, наспроти наставниците кои комбинираат два и повеќе методи.

Табела 1. Фреквенциска дистрибуција на почетните школи за пијано

**Usage of piano methods in music schools of Kosovo**

| | Cases | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Valid | | Missing | | Total | |
| Piano Methods - Authors/Books | N | Percent | N | Percent | N | Percent |
| James Bastien - Bastien Piano method | 45 | 44.1% | 57 | 55.9% | 102 | 100.0% |
| Jela Kršić - Početna škola za klavir | 37 | 36.3% | 65 | 63.7% | 102 | 100.0% |
| Ferdinand Beyer: Preparatory School for piano | 14 | 13.7% | 88 | 86.3% | 102 | 100.0% |
| Denis Agaj - Learning to play piano | 11 | 10.8% | 91 | 89.2% | 102 | 100.0% |
| undefined methods | 6 | 5.9% | 96 | 94.1% | 102 | 100.0% |
| Thompston - Easiest Piano Course | 4 | 3.9% | 98 | 96.1% | 102 | 100.0% |
| Letla Fletcher Piano Book | 4 | 3.9% | 98 | 96.1% | 102 | 100.0% |
| Alfred's Basic Piano Course | 3 | 2.9% | 99 | 97.1% | 102 | 100.0% |
| Haruko Kataoka - Suzuki Piano Method | 3 | 2.9% | 99 | 97.1% | 102 | 100.0% |
| Edna Mae Burnam - Ministeps to music | 2 | 2.0% | 100 | 98.0% | 102 | 100.0% |
| Bella Bartok- Microcosmos | 2 | 2.0% | 100 | 98.0% | 102 | 100.0% |
| Niikolajev - School of piano playing | 2 | 2.0% | 100 | 98.0% | 102 | 100.0% |
| Edna Mae Burnam - A dozen a day | 1 | 1.0% | 101 | 99.0% | 102 | 100.0% |
| Faber Piano Adventures | 1 | 1.0% | 101 | 99.0% | 102 | 100.0% |
| Carl-Bertil Agnestig - Vi spelar piano | 1 | 1.0% | 101 | 99.0% | 102 | 100.0% |
| Charles / Jacqueline - Piano method book | 1 | 1.0% | 101 | 99.0% | 102 | 100.0% |

Табела 2. Дистрибуција според користење на една или повеќе почетни школи за пијано

**The combined piano methods usage by participants**

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | using only 1 piano method | 75 | 73.5 | 73.5 | 73.5 |
| | combining 2 piano methods | 22 | 21.6 | 21.6 | 95.1 |
| | combining 3 piano methods | 4 | 3.9 | 3.9 | 99.0 |
| | combining 6 piano methods | 1 | 1.0 | 1.0 | 100.0 |
| | Total | 102 | 100.0 | 100.0 | |




Слика 6. Дистрибуција според користење на една или повеќе почетни школи за пијано (визуелно претставување)

Резултатите презентирани во табелата 1 го потврдуваат фактот дека сите книги и методи кои се во официјалната програма на Министерството за образование (Јела Кршиќ – *Почетна школа за пијано*, Џејмс Бастијен – *Почетен пијано метод*, Фердинанд Бајер – *Подготвителна школа за пијано*, Бела Барток – *Микрокосмос*, Николаев – *Почетна школа за пијано*, Една Меи Бурнам – *Десетина на ден* и Фејбер-Фејбер – *Авантури со пијаното*) се во употреба во почетната настава по пијано, иако повеќето од нив (како на пример, Барток – *Микрокосмос*, Николаев – *Школа за свирење пијано*, Една Меи Бурнам – *Десетина на ден* и Фејбер-Фејбер *Авантурите со пијаното*) се користат како комплементарна, не како главна или единствена школа.

Како што покажува табелата 3, најголем дел од испитаниците ги користат школите на Бастијен, Кршиќ и Бајер како единствен метод (Бастијен со 26 одговори, Кршиќ со 21 одговор, Бајер со 12 одговори). По нив следат школите на Агај со девет одговори и на Флечер со еден одговор.

Табела 3. Комбинација на методи за пијано што ги користат наставниците

| Combined methods - Crosstabulation | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Combined methods | | | | | | |
| Methods ./ Books | using only 1 piano method | combining 2 piano methods | combining 3 piano methods | combining 4 piano methods | combining 5 piano methods | combining 6 piano methods | Total |
| James Bastien - Bastien Piano method | 26 | 15 | 3 | | | 1 | 45 |
| Jela Kršić - Početna škola za klavir | 21 | 14 | 2 | | | | 37 |
| Ferdinand Beyer: Preparatory School for piano | 12 | | 1 | | | 1 | 14 |
| Alfred's Basic Piano Course | | | 3 | | | | 3 |
| Thompson - Easiest Piano Course | | 2 | 2 | | | | 4 |
| Denes Agay - Learning to play piano | 9 | 2 | | | | | 11 |
| Edna Mae Burnam - A dozen a day | | | | | | 1 | 1 |
| Edna Mae Burnam - Ministeps to music | | 2 | | | | | 2 |
| Leila Fletcher Piano Book | 1 | 3 | | | | | 4 |
| Faber - Faber Piano Adventures | | | | | | 1 | 1 |
| Bella Bartok- Microcosmos | | 1 | | | | 1 | 2 |
| Carl-Bertil Agnestig - Vi spelar piano | | | 1 | | | | 1 |
| Haruko Kataoka - Suzuki Piano Method | | 3 | | | | | 3 |
| Charles / Jacqueline - Piano method book | | 1 | | | | | 1 |
| Niikolajev - School of piano playing | | 1 | | | | 1 | 2 |
| undefined methods (lack of proper answers) | 6 | | | | | | 6 |

Како што може да се забележи во табелата 3, шест испитаници во нивните одговори не беа премногу специфични за да се одреди кој метод се користи, па ги ставивме во категоријата „непознат_метод “. Онаму каде што се појавија описни одговори, како на пример, *Американска школа* и сл., истражувачот ја наведуваше школата на Бастијен, бидејќи оваа школа е најкористена во училиштата во Косово.

Како што кажавме, овие резултати покажуваат дека во почетната настава по пијано во Косово се користат сите седум почетни школи предложени во официјалната програма на Министерството за образование на Косово, при што почетните школи на Кршиќ, Бастијен и Бајер се користат како единствена школа, а *Микрокосмос* од Барток, школата на Николаев, *Десетина на ден* од Бурнам и школата на Фејберови се само комплементарни, односно се користат во комбинација со една или повеќе други школи.

Неочекувани се резултатите во однос на разновидноста на методи за пијано кои ги користат наставниците од Косово, каде се појавија осум книги со методи кои не се вклучени во официјалната програма, и воопшто, се помалку познати за нашата средина. Тоа се школите на Томпсон – *Најлесните часови по пијано*, Агај – *Учиме да свириме пијано*, Флечер – *Школа за пијано*, *Алфредовата основна школа за пијано*, Харуко

Катаока – *Сузуки пијано метод,* Бурнам – *Мали музички чекори,* Агнестиг – *Ние свириме пијано* и Шарл/Жаклин – *Школа за пијано*. Сепак, податоците од контингентните табели покажаа дека само еден од осумте нови методи се користи како единствен метод (школата на Агај), додека останатите се комплементарни во комбинација со главните методи.

Доколку треба да ги сумираме резултатите, рангирањето во табелата 4 многу јасно ја претставува дистрибуцијата на употребата на почетните школи за пијано во Косово. Школите на Бастијен и Јела Кршиќ се најкористените методи кои често се користат и комплементарно. Употребата на методот за пијано на Бајер се чини дека опаѓа, а методот на Агај се појавува како нов избор за примарен почетен метод во музичките училишта во Косово.

Табела 4. Рангирање на најкористените почетни школи

| Рангирање | Почетна школа | Единствен метод | Втор (комплементарен) метод |
|---|---|---|---|
| 1 | Џејмс Бастијен – *Почетен пијано метод* | 26 | 15 |
| 2 | Јела Кршиќ – *Почетна школа за пијано* | 21 | 14 |
| 3 | Фердинанд Бајер – *Подготвителна школа за пијано* | 12 | |
| 4 | Денес Агај – *Учиме да свириме пијано* | 9 | 2 |

Мнозинството од испитаниците користеле еден метод (73.53%), по што следат наставниците кои комбинираат два методи (21.57%). Помал број испитаниците навеле дека користат три методи (3.92%). Интересно е што се појавуваат наставници кои навеле дека користат дури шест методи (0.98%); користењето на шест методи е неизводливо, но не ја исклучивме можноста наставникот да користи делови од шесте книги, односно да не ја следи програмата на една школа чекор по чекор.

4.1.2 Дистрибуција на почетните школи за пијано во музичките училишта

Како што видовме, школата на Бастијен е најкористениот метод, но резултатите според училиштата покажуваат дека и покрај нејзината широка употреба во речиси сите училишта, таа главно се користи во училиштето „Пренк Јакова“ – Приштина (слика 7). Многу чудно е што оваа школа недостасува во најстарото училиште во Косово, „Лоренц Антони“ – Призрен.




Слика 7. Дистрибуција на почетната школа за пијано на Џејмс Бастијен во музичките училишта




Слика 8. Дистрибуција на почетната школа за пијано на Јела Кршиќ во музичките училишта

Почетната школа за пијано на Јела Кршиќ е вториот најкористен метод. Можеме да увидиме дека оваа школа се користи во сите музички училишта (слика 8), при што три училишта се издвојуваат како главни во нејзиното користење: „Пренк Јакова“ – Приштина, „Пренк Јакова“ – Ѓакова и „Халит Касаполи“ – Пеќ. Како и во случајот со школата на Бастијен, и школата на Кршиќ недостасува во најстарото музичко училиште на Косово, „Лоренц Антони“ – Призрен.




Слика 9. Дистрибуција на почетната школа за пијано на Фердинанд Бајер во музичките училишта

*Подготвителната школа за пијано* на Фердинанд Бајер не се појавува во музичките училишта каде што се користи школата на Јела Кршиќ („Пренк Јакова“ – Приштина и „Пренк Јакова“ – Ѓакова) (слика 9). Почетната школа на Бајер најчесто ја користат наставници со завршено високо образование од областа на општата музичка педагогија. Овие наставници, иако немаат завршено студии по пијано, предаваат пијано во музичките училишта поради големата побарувачка за наставници по пијано, и најчесто станува збор за состојба која е затекната од порано. Школата на Бајер е присутна во „Лоренц Антони“ – Призрен, најстарото училиште во Косово, и особено се користи во Музичкото училиште во Гњилане каде работат повеќе дипломирани наставници по музичка педагогија.

Школата на Агај доминантно се користи во училиштето „Лоренц Антони“ – Призрен (слика 10). Можеме да претпоставуваме дека наставниците од Призрен, кои претежно се поврзуваат со турскиот јазик и култура, го донеле овој популарен метод од Турција. Во другите три државни музички училишта користењето на оваа школа е незначително.




Слика 10. Дистрибуција на почетната школа за пијано на Денес Агај во музичките училишта

Бидејќи останатите школи се комплементарни, во следните графикони, ги поделивме методите според употребата во јавниот и приватниот сектор, со цел нивно појасно прикажување во секој од секторите (слики 11 и 12).

По споредбата на графиконите, не утврдивме разлики помеѓу користењето на методите во државните и приватните музички училишта во поглед на редоследот на оние методи кои се најкористени на ниво на целата популација (Бастијен, Кршиќ, Бајер). Сепак, некои методи кои се користат во музичките училишта од јавниот сектор не се појавуваат во приватните музички училишта. Тоа се следните школи: Една Меи Бурнам – *Десетина на ден*, Бела Барток – *Микрокосмос*, Шарл/Жаклин – *Школа за пијано*, Агнестиг – *Ние свириме пијано* и Николаев – *Почетна школа за пијано*.




Слика 11. Почетните школи за пијано во приватните музички училишта




Слика 12. Почетните школи за пијано во државните музички училишта

### 4.2 Причини за користење на избраните почетни школи

При анализата на отвореното прашање зошто наставникот се определува за почетните школи кои ги навел во првото прашање, добиените одговори ги квантифициравме, при што направивме кумулирање на заедничките карактеристики на школата наведени во одговорите во различни категории. Соодветно, одговорите ги сведовме на следните карактеристики на избраната школа: *напредна*, *атрактивна*, *современа*, *полесна*, *ефикасна*, *наследена*, *интегрирана*, *практична*, *докажана*, *погодна*, *усогласена со наставната програма*, *пружа разновидност*.

Во одговорите кои се однесуваа на школата на Бастијен како најчеста причина за избор на работа со овој метод беше наведувано: затоа што е *полесен* метод (31.1%). Како други причини беа наведени следните карактеристики: *ефикасен* метод (13.3%), *соодветен* метод (13.3%), *практичен* метод (11.1%) и *усогласен со наставната програма* (11.1%) (слика 13).




Слика 13. Причини за избор на школата на Џејмс Бастијен

Што се однесува до втората најкористена школа, почетната школа на Јела Кршиќ, се појавија три вообичаени причини зошто наставниците го избираат овој метод. Поголемиот дел од наставниците го сметаат овој метод за *соодветен* (27%), потоа следат одговорите дека методот е *практичен* (21.6%) и дека го *наследиле* (8.1%) (слика 14). Во

одговорите каде што е наведено дека наставникот ја наследил оваа школа, ова се однесува на наставните методи од поранешна Југославија кога школата на пијано на Јела Кршиќ беше единствениот почетен метод за пијано што се користеше во музичките училишта во Косово.




Слика 14. Причини за избор на школата на Јела Кршиќ

Како што видовме и погоре, третата по ред почетна школа за пијано што ја користат наставниците по пијано во Косово е школата на Фердинанд Бајер. Врз основа на анализата на податоците, наставниците главно го сметаат за *ефикасен* метод (28.6%), како *погоден* метод (28.6%) и *практичен* метод (14.3%) (слика 15).




Слика 15. Причини за избор на школата на Фердинанд Бајер

Иако за четвртата по ред најкористена школа, школата на Денес Агај, нема доволно податоци за анализа (10% од вкупниот број на испитаници), идентификувавме две вообичаени причини за нејзината употреба: наставниците го користат овој метод затоа што е *погоден* (36.4%) и *атрактивен* (18.2%) (слика 16).




Слика 16. Причини за избор на школата на Денес Агај

Горните графикони ги сумираат главните причини зошто наставниците по пијано се определуваат за секоја од школите за пијано. Другите методи за пијано наставниците ги користат како комплементарни методи. Следната табела (табела 5) ги содржи резултатите од обработката на податоците за секоја поединечна школа во однос на тоа зошто наставниците се определуваат за неа.

Табела 5. Причини зошто наставниците се определуваат за почетната школа за пијано

| Почетна школа | Причина за нејзин избор | Вкупно |
|---|---|---|
| Џејмс Бастијен – *Почетен пијано метод* | Полесен метод (31.1%)<br>Ефикасен метод (13.3%)<br>Соодветен метод (13.3%) | 45 |
| Јела Кршиќ – *Почетна школа за пијано* | Соодветен метод (27%)<br>Практичен метод (21.6%)<br>Наследен метод (8.1%) | 37 |
| Фердинанд Бајер – *Подготвителна школа за пијано* | Ефикасен метод (28.6%)<br>Соодветен метод (28.6%)<br>Практичен метод (14.3%). | 14 |
| Денес Агај – *Учиме да свириме пијано* | Соодветен метод (36.4%)<br>Атрактивен метод (18.2%) | 11 |
| Џон Томпсон – *Најлесните часови по пијано* | Соодветен метод (50%)<br>Усогласен со наставната програма (50%) | 4 |
| Лејла Флечер – *Школа за пијано* | Соодветен метод (50%)<br>Ефикасен метод (25%)<br>Усогласен со наставната програма (25%) | 4 |
| *Алфредовата основна школа за пијано* | Усогласен со наставната програма (66.7%)<br>Интегриран метод (33.3%) | 3 |
| Една Меи Бурнам – *Мали музички чекори* | Докажан метод (50%)<br>Усогласен со наставната програма (50%) | 3 |
| Харуко Катаока – *Сузуки пијано метод* | Усогласен со наставната програма (66.7%)<br>Практичен метод (33.3%) | 3 |
| Бела Барток – *Микрокосмос* | Полесен метод (50%)<br>Пружа разновидност (50%) | 2 |
| Николаев – *Почетна школа за пијано* | Докажан метод (50%)<br>Полесен метод (50%) | 2 |
| Една Меи Бурнам – *Десетина на ден* | Полесен метод (100%) | 1 |
| Фејбер-Фејбер *Авантурите со пијаното* | Полесен метод (100%) | 1 |
| Агнестиг – *Ние свириме пијано* | Соодветен метод (100%) | 1 |
| Шарл/Жаклин – *Школа за пијано* | Практичен метод (100%) | 1 |

Следниот графикон (слика 17) ја претставува дистрибуцијата на одговорите на наставниците во однос на секоја причина за избор на почетната школа за пијано (без оглед на конкретната школа избрана од наставникот). Графиконот јасно покажува дека првите пет причини за избор на школите за пијано се затоа што се *соодветни*, *ефикасни*, *полесни*, *практични* и *усогласени со наставната програма*, што е во корелација со податоците од претходните табели каде што секоја школа се анализира посебно.




Слика 17. Причина зошто наставниците се определиле за почетната школа за пијано по која работат

### 4.3 Користење на почетните школи според општите податоци за наставниците

Истражувањето ги опфати и податоците за возраста на наставниците, нивното севкупно педагошко работно искуство, работното искуство како наставници по пијано и нивното образованието (студии по пијано наспроти општа музичка педагогија). Повеќето наставници се во таканаречената средна возрасна група од 26 до 34 години и од 35 до 45 години (слика 18), што опфаќа 66% од анкетираните наставници. Наставниците над 45

години се најмалата група, која сочинува 13.5% од вкупниот процент. Имајќи предвид дека наставниците помлади од 25 години сочинуваат 19.61% од вкупниот процент, можеме да заклучиме дека популацијата на наставници по пијано е генерално млада, бидејќи речиси 50% се на возраст од 22 до 34 години. Нашата анализа покажа конзистентност помеѓу *севкупното работно искуство* и *искуството како наставници по пијано*, што значи дека според резултати од нашето истражување, тие ја претставуваат истата популација (слики 19 и 20).




Слика 18. Возраст на наставниците




Слика 19. Севкупно педагошко искуство



Слика 20. Работно искуство како наставник по пијано

Општите податоци за наставниците ги вкрстивме со податоците за користењето на почетните школи за пијано, и тоа за секоја школа посебно, со цел подобро да ја разбереме врската помеѓу овие варијабли. Во графиконот подолу е претставена дистрибуцијата поврзана со користењето на школата на Бастијен според возраста на наставниците (слика 21).



Слика 21. Користење на школата на Бастијен според возраста на наставниците




Слика 22. Користење на школата на Бастијен според севкупното работно искуство на наставниците

Според графиконот (слика 21), школата на Бастијен ја користат наставници од сите возрасни групи, но може да забележиме дека користењето на оваа школа опаѓа заедно со возраста. Оттаму можеме да изведеме заклучок дека популарноста на оваа школа е донекаде поврзана со возраста на наставниците. Колку е постар наставникот, употребата на школата на Бастијен се намалува. Што се однесува до работното искуство, повеќето наставници кои ја користат школата на Бастијен се меѓу две возрасни групи (над 10 години искуство и оние меѓу четири и седум години) (слика 22).

Што се однесува до школата на Јела Кршиќ, дистрибуцијата покажува разлики во споредба со школата на Бастијен. Овде се појавува спротивна ситуација во која најмладите наставници не ја претпочитаат оваа школа, што е најмногу присутно кај возрасните групи од 26 до 34 години и од 35 до 45 години (слика 23).




Слика 23. Користење на школата на Јела Кршиќ според возраста на наставниците




Слика 24. Користење на школата на Јела Кршиќ според севкупното работно искуство на наставниците

Во однос на работното искуство, повеќето наставници кои ја користат школата на Јела Кршиќ се меѓу две возрасни групи: над 10 години работно искуство и оние меѓу четири и седум години (слика 24).

Школата на Фердинанд Бајер не е присутна во одговорите на најмладата возрасна група наставници. Оваа школа, слично на користењето на школата на Јела Кршиќ, најмногу ја користат наставниците од 26 до 34 години и од 35 до 45 години. Што се

однесува до работното искуство, се чини дека поголемиот дел од наставниците кои ја користат школата на Бајер имаат повеќе од 10 години искуство (слика 25).




Слика 25. Користење на школата на Фердинанд Бајер според возраста на наставниците




Слика 26. Користење на школата на Фердинанд Бајер според севкупното работно искуство на наставниците

Според добиените резултати за користењето на школата на Агај, таа се користи кај сите возрасни групи на наставници (слика 27). Согласно графиконот во кој е претставена дистрибуцијата на користење на оваа школа согласно работното искуство на наставниците, можеме да заклучиме дека доминантен фактор за користење на школата на

Агај е долгогодишното искуство на наставникот (првенствено е поддржана од наставниците со 10 или повеќе години наставно искуство) (слика 28).




Слика 27. Користење на школата на Денес Агај според возраста на наставниците




Слика 28. Користење на школата на Денес Агај според севкупното работно искуство на наставниците

Натамошната анализа покажа дека видот на образование на наставниците има улога во нивната определба за користење на одредена почетна школа. Околу 40% од наставниците кои учествуваа во истражувањето имаа завршено музичка педагогија, а околу 60% беа дипломирани пијанисти. Споредбата на школите согласно видот на

образование покажа дека школата на Бајер повеќе ја користат наставниците по пијано со завршена музичка педагогија. Кај другите почетни школи не се појавија разлики помеѓу видот на образованието на наставникот и употребата на школата. Дистрибуциите во сликите 29 и 30 ги потврдуваат претходните искази за корелацијата помеѓу употребата на школата за пијано на Бајер според видот на образование на наставниците.




Слика 29. Користење на почетните школи кај наставниците со завршени студии по музичка педагогија




Слика 30. Користење на почетните школи кај наставниците со завршени студии по пијано




Слика 31. Наставници со завршени студии по музичка педагогија кои работат во музичките училишта во Косово




Слика 32. Наставници со завршени студии по пијано кои работат во музичките училишта во Косово

Според дистрибуциите во сликите 31 и 32 наставници со завршени студии по музичка педагогија се јавуваат само во државните музички училишта, особено во „Лоренц Антони“ – Призрен, „Ческ Задеја“ – Феризај и Музичкото училиште во Гњилане. Наспроти ова, наставниците по пијано кои работат во приватните музички училишта се со завршени студии по пијано.

Резултатите упатуваат на тоа дека возраста и педагошкото искуство немаат голема улога при изборот на школата за пијано. Сепак, важно е да се напомене дека наставниците со завршени студии по музичка педагогија главно се од постарата генерација, додека оние со завршени студии по пијано најчесто се помлади. Во овој случај, возраста на наставникот е поврзана со видот на неговото образование и ова има улога во користењето на школата на Бајер. Во графиконот во слика 33 се доловени повеќе детали за поврзаноста на видот на образование и возраста на наставникот по пијано.




Слика 33. Споредба помеѓу видот на образование на наставниците и нивната возраст

### 4.4 Влијанија при изборот на почетна школа за пијано

Прашалникот вклучуваше и прашање со одговори во форма на Ликертова скала (1 – *воопшто не е важна*, 5 – *многу е важна*), каде наставниците требаше да го означат нивото на важност на неколку фактори при изборот на почетната школа за пијано. Првиот фактор е „одлуката на колективот на училиштето“. Повеќето наставници сметале дека „одлуката на колективот на училиштето“ е *многу важна* (31.37%) и *умерено важна* (31.37%) (слика 34).

Вториот фактор е „одлуката на катедрата по пијано“, каде резултатите покажуваат дека таа била *многу важна* кај мнозинството наставници (51.96%), по што следат одговорите со *прилично важна* (25.49%) (слика 35).

Третиот фактор е „цена на книгата/почетната школа“, и за мнозинството наставници (55.88%), цената на учебникот *воопшто не е важна*, а останатите одговори се рамномерно распоредени на сите останати нивоа на скалата (слика 36). Овие резултати не се за изненадување бидејќи овие книги најчесто се фотокопии, а цената на фотокопијата не прави голема разлика од книга до книга.

Четвртиот фактор е „издавачката куќа“. Иако најголемата група наставници (34%) сметаат дека таа е *воопшто не е важна*, за другите групи издавачката куќа е *умерено важна* (22.55%), *прилично важна* (18.63%) и *многу важна* (15.63%) при изборот на почетната школа (слика 37). Гледајќи ги овие резултати, прилично е тешко да се изведе заклучок бидејќи резултатите се повеќе или помалку амбивалентни. Сепак, најголемата група смета дека овој фактор воопшто не е важен при изборот на почетна школа за настава по пијано.

Петтиот фактор е „дизајнот на учебникот“. Наставниците сметаат дека дизајнот на книгата *воопшто не е важен* (27.5%) или е *умерено важен* (27.5%), а потоа следат одговорите *малку важен* (19.61%) (слика 38). Овие резултати упатуваат на заклучокот дека повеќето наставници сметаат дека дизајнот на книгата не е толку важен при изборот на почетната школа на пијано.

Шестиот фактор е „препораката на колегите“, која за повеќето наставници е *умерено важна* (35.29%), *многу важна* (26.47%) и *прилично важна* (25.49%) (слика 39). Можеме да заклучиме дека препораката на колегите се движи од умерен до клучен фактор при изборот на почетната школа за пијано.

Сумирано, можеме да воочиме сличности помеѓу одговорите: „одлуката на колективот на училиштето “, „одлуката на катедрата по пијано“ и „ препораката на колегите“. Ова се трите главни влијанија при изборот на почетната школа. Што се однесува до „цената на книгата“ и „издавачката куќа“, резултатите покажуваат дека тие не се значајни фактори при изборот на почетната школа. Исклучок претставува „дизајнот на учебникот“, каде се појавија разновидни одговори и останува нејасно до кое ниво може да се третира како влијание при изборот на почетната школа.




Слика 34. Влијание на одлуката на колективот на училиштето при изборот на почетната школа




Слика 35. Влијание на одлуката на катедрата по пијано при изборот на почетната школа




Слика 36. Влијание на цената на книгата при изборот на почетната школа




Слика 37. Влијание на издавачката куќа при изборот на почетната школа




Слика 38. Влијание на дизајнот на учебникот при изборот на почетната школа




Слика 39. Влијание на препораката на колегите при изборот на почетната школа

На крајот на ова прашање беше оставена можноста наставниците да дополнат уште некој друг елемент кој го сметаат за влијание при изборот на почетната школа, а не е наведен претходно. На овој начин, преку квалитативен пристап нашето истражување се збогати со одговори кои не зависат од претходно детерминираната рамка. Овие одговори можат да се прочитаат во табелата 6.

Табела 6. Други влијанија при изборот на почетната школа за пијано

| **Што друго е важно за Вас за да ја користите избраната почетна школа?** |
|---|
| Компилацијата на песни-вежби изработени од авторот. |
| Да се движи паралелно со темата солфеж. |
| Користењето на повеќе дела од албански автори или албански песни аранжирани за совладување со лесни методи за почетници. |
| Логичкиот тек на наставните единици. |
| Содржината, работниот материјал. |
| Методологијата на работа. |
| Важни се и вежбите поврзани со техниката. |
| Елементи кои привлекуваат внимание во книгата! |
| Јазикот на кој е напишана книгата. Би било погодно книгата да биде на албански јазик. |
| Како детето реагира на методот и како тоа влијае на неговиот развој. |
| Вежбите треба да привлекуваат внимание, а да се вклучи и пеење. |

Иако мал број испитаници го додале својот став по ова прашање, забележуваме одговори како што се *книга која привлекува внимание*, *логичен тек на лекциите*, *усогласување со наставата по солфеж*, *повратниот одговор на учениците при примена на конкретни методи* и *вежби поврзани со техниката*. Повеќето од овие дополнителни одговори се конзистентни со одговорите на второто прашање (Наведете зошто ја користите избраната школа), каде наставниците даваа отворени одговори со генерализирани описи за почетната школа, како што се: *напредна*, *привлекува внимание/атрактивен метод*, *современа*, *полесна*, *ефикасна*, *наследена*, *интегрирана*, *практична*, *докажана*, *усогласена со наставната програма* и која *пружа разновидност*. Дополнително, некои наставници повикуваат да има повеќе дела од албански автори во овој вид учебници, тие да содржат повеќе популарни албански композиции прилагодени

за совладување на мала возраст и да бидат напишани на албански јазик. Овие барања се разбирливи бидејќи, како што гледаме, повеќето почетни школи за пијано се напишани или на српски или на англиски јазик и понекогаш учениците имаат проблеми со учењето по книги кои не се напишани на нивен мајчин јазик.

### 4.5 Одговори на прашањето што наставниците би додале/измениле во почетната школа

Табелата 7 ги наведува збирните одговори на отвореното прашање за тоа што наставниците би измениле во избраната почетна школа. Согласно табелата, 44.1% од одговорите се однесуваат на наставниците кои не би промениле ништо во почетната школа, 10.8% би сакале да ги преведат постоечките методи/книги на албански јазик, 6.9% би сакале во учебникот да се комбинираат различни методи, а 3.9% би вклучиле композиции со мелодии кои привлекуваат внимание и албански песни. Преостанатите одговори се застапени со многу мал процент (најчесто 1%). Ќе споменеме неколку од нив: повеќе технички вежби, додавање повеќе композиции за пијано за четири раце, интервенција во постоечката школа (отстранување/додавање композиции) итн. Дел од овие одговори се однесуваат комплементарно на избраните школи или неизменично, прво на едната, па на другата школа што наставникот изјавил дека ја користи.

Табела 7. Одговори на прашањето за тоа што наставниците би додале/измениле во избраната почетна школа

| Што наставниците би додале/измениле во избраната почетна школа? | *f* | % |
|---|---|---|
| Ништо. | 45 | 44.1 |
| Превод на албански јазик. | 11 | 10.8 |
| Да вклучи комбинација на различни методи. | 7 | 6.9 |
| Да вклучи композиции со мелодии кои привлекуваат внимание и албански песни. | 4 | 3.9 |
| Да вклучи повеќе технички вежби. | 3 | 2.9 |
| Да се додадат композиции за четири раце. | 2 | 2 |
| Промена на педагошкиот пристап. | | |
| Повеќе концерти и испити. | | |
| Да се додадат или отфрлат композиции. | | |
| Да се додадат избрани композиции во репертоарот. | 1 | 1 |
| Да се додадат албански народни песни; да се издаде школа од албански автор. | | |
| Да се вклучат композиции со мелодии кои привлекуваат внимание. | | |
| Да се додадат комплементарни методи. | | |
| Да се додадат дуети од албански композиции. | | |
| Да се додадат повеќе композиции во веќе постоечката школа. | | |
| Да се додадат посложени композиции. | | |
| Да се додаде повеќе популарна музика. | | |
| Да се вклучат видео материјали паралелно со наставата. | | |
| Да се промени видот на вежби. | | |
| Да се промени наставната програма. | | |
| Да се направи комбинација на методи во една книга. | | |
| Да се стави акцент на совладување на дур-мол системот. | | |
| Да се прошири школата во повеќе книги/томови. | | |
| Да се направи оригинална книга/метод од албански автор. | | |
| Да се вклучат повеќе вежби за една рака. | | |
| Да се вклучат повеќе ритмички вежби. | | |
| Да се вклучат повеќе технички вежби и композиции од албански автори. | | |
| Некои нешта. | | |
| Да се напуштат методите врз основа на пет тона. | | |
| Да се изостават вежбите само со прсторед, без тонови. | | |
| Да се направи компилација во нова книга од двајца, тројца домашни автори. | | |
| Да се олесни тешкотијата во првиот семестар со забавни вежби. | | |
| Да се има побрз напредок кон повисоките и пониските тонови (трета и голема октава). | | |

### 4.6 Редослед на музичките елементи

Одговорите на прашањето поврзано со редоследот на важноста на музичките елементи – читање ноти, вежби за положба на раката и вежбање ритам – се групираа во шест можни комбинаци, односно распореди. Со оглед на тоа што бројот на одговори е близок кај сите шест комбинации, не можевме да издвоиме доминантен специфичен редослед помеѓу вежбите (слика 40). Сепак, ја направивме табелата 8 во која комбинациите ги подредивме според зачестеноста на одговори. Овие резултати покажуваат дека положбата на рацете и читањето ноти се најважните вежби за наставниците.

Табела 8. Редослед на важност на музичките елементи

| Редослед на важност на музичките елементи | *f* | % |
|---|---|---|
| 1. вежби за позиција на раката; 2. читање ноти; 3. вежбање ритам | 27 | 26.5 |
| 1. читање ноти; 2. вежбање ритам; 3. вежби за позиција на раката | 21 | 20.6 |
| 1. читање ноти; 2. вежби за позиција на раката; 3. вежбање ритам | 17 | 16.7 |
| 1. вежби за позиција на раката; 2. вежбање ритам; 3. читање ноти | 15 | 14.7 |
| 1. вежбање ритам; 2. вежби за позиција на раката; 3. читање ноти | 12 | 11.8 |
| 1. вежбање ритам; 2. читање ноти; 3. вежби за позиција на раката | 10 | 9.8 |
| Вкупно | 102 | 100 |




Слика 40. Редослед на важност на музичките елементи

### 4.7 Начини на изведување на наставата за време на пандемијата

Одговорите на ова прашање покажуваат дека 53.92% од наставниците воделе часови строго онлајн за време на вонредната состојба предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид. Комбинираното учење, кое вклучува мешавина на онлајн настава и ограничено физичко присуство, било застапено со 26.47%. Добар процент од наставниците (14.71%) немале можност да изведуваат настава (онлајн или со физичко присуство). Мала група наставници (4.9%) ја воделе наставата само со физичко присуство (слика 41).




Слика 41. Начини на изведување на почетната настава по пијано за време на пандемијата

Согласно дадените резултати, можеме да заклучиме дека за време на пандемијата повеќето наставници одржувале онлајн настава, по што следи голема група наставници кои ги комбинирале онлајн часовите со часови со физичко присуство. Што се однесува до платформата што се користела за онлајн настава, повеќето од наставниците пријавиле дека користеле Viber (40.2%), Zoom (19.61%) и Viber и Zoom (6.86%). Мал број наставници изјавиле дека ги користеле платформите GoogleMeet (2.94%), Skype (2.94%) и WhatsApp (1.96%). Сите останати одговори со комбинација на платформи ги вклучуваат Viber или Zoom како примарна платформа, како што е прикажано во графиконот во слика 42. Овие резултати потврдуваат дека Viber и Zoom биле водечки платформи за спроведување на онлајн настава по пијано.




Слика 42. Користење на онлајн платформи за спроведување на наставата за време на пандемијата

Што се однесува до ефективноста на онлајн наставата, одговорите варираат од *умерено ефективна* до *воопшто не е ефективна*. Се чини дека кон онлајн настава по пијано со деца на рана возраст наставникот се обраќа само поради неопходност, како што беше случај со пандемијата. Околу 64% од испитаниците одговориле на ниските нивоа на скалата на ефективност на онлајн наставата, што говори дека наставниците генерално сметаат дека таа не е ефективна (слика 43).




Слика 43. Ефективност на онлајн наставата за време на пандемијата

**5 Заклучок**

По завршувањето на фазите на истражувањето поврзани со дистрибуирањето на прашалникот, внесувањето на собраните податоци во база на податоци и направената анализа, можеме да ги утврдиме заклучните согледувања. Добиените резултати во однос на тоа кој **метод/школа се користи во почетната настава по пијано во основното музичко образование**, односно кои почетни школи се користат или следат во првата година, укажуваат на следното: наставниците кои изведуваат почетна настава по пијано во музичките училишта во Косово ги користат сите седум методи вклучени во официјалната програма; сепак, само три од нив – *Почетна школа за пијано* на Јела Кршиќ, *Почетен пијано метод* на Џејмс Бастијен и *Подготвителна школа за пијано* на Фердинанд Бајер – се користат како основни методи. Останатите четири книги –*Микрокосмос* од Бела Барток, *Почетна школа за пијано* на Николаев, *Десетина на ден* на Една Меи Бурнам и Фејберовите *Авантури со пијаното* – првенствено се користат како комплементарни ресурси заедно со трите примарни методи.

Натамошната анализа на квалитативните податоци придонесе за запознавање со осум нови почетни методи/книги што се користат во Косово: *Учиме да свириме пијано* на Денес Агај, *Најлесните часови по пијано* од Џон Томпсон, *Школа за пијано* од Лејла Флечер, *Алфредовата основна школа за пијано*, *Сузуки пијано метод* на Харуко Катаока, *Мали музички чекори* на Една Меи Бурнам, *Ние свириме пијано* на Агнестиг и *Школа за пијано* на Шарл/Жаклин. Меѓу нив, само методот на Денес Агај се користи како примарен метод, а другите служат како комплементарни материјали.

Кога би резимирале, најкористените примарни методи за пијано во музичките училишта во Косово се школите на Бастијен и Јела Кршиќ, кои често се надополнуваат една со друга. Се чини дека школата на Бајер се користи сè помалку, додека школата на Денес Агај се појавува како нов избор за почетници. Во табелата 4 е направено рангирање на користењето на примарните методи, како одраз на она што е актуелно во почетната настава по пијано во музичките училишта во Косово.

Повеќето наставници (73.53%) се потпираат на една школа во почетната настава по пијано, додека 21.57% користат комбинација од две школи. Помала група наставници (3.92%) комбинираат три школи, а мал процент наставници (0.98%) изјавиле дека користат шест школи. Користењето на шест школи можеби изгледа непрактично, но

наставникот кој дава ваков одговор веројатно прави избор на методски единици од повеќе книги, односно не работи по една школа чекор по чекор.

Резултатите од одговорите на третото прашање за **редоследот на најважните музички елементи** во почетната настава по пијано, покажаа речиси подеднаква распределба на шесте можни комбинации на трите музички елементи: читање ноти, вежби за положба на рацете и вежбање ритам. Оттаму, не можевме да поставиме еден редослед на важност на овие елементи кој преовладува. Меѓутоа, подеталниот увид во бројот на одговорите покажува дека наставниците сметаат дека положбата на рацете и читањето ноти се поважните музички елементи и соодветно им даваат приоритет на вежбите поврзани со развивање и совладување на овие елементи.

Што се однесува до прашањето за **разликите помеѓу музичките училишта во јавниот и приватниот сектор во однос на почетната школа за пијано**, резултатите од истражувањето ги потврдија разликите помеѓу училиштата и регионите. Резултатите на ниво на целата истражена популација покажаа дека школата на Бастијен е најкористена, но резултатите според музичките училишта покажаа дека оваа школа првенствено се користи во училиштето „Пренк Јакова“ во Приштина. И покрај нејзиното широко усвојување во речиси сите училишта (државни и приватни), оваа школа не се појавува во најстарото училиште „Лоренц Антони“ во Призрен. Треба да се има предвид дека најголемиот број на испитаници во истражувањето работеа во училиштето „Пренк Јакова“ во Приштина, и затоа дистрибуцијата во однос на оваа почетна школа во другите училишта е еднаква врз основа на вкупниот процент на испитаници од сите музички училишта.

Школата за пијано на Јела Кршиќ е вториот најшироко користен метод кој се јавува во сите музички училишта во Косово. Особено присутна е во трите музички училишта: „Пренк Јакова“ во Приштина, „Пренк Јакова“ во Ѓакова и „Халит Касаполи“ во Пеќ. Оваа школа не се појавува наведена во одговорите на наставниците кои работат во најстарото музичко училиште во Косово „Лоренц Антони“ во Призрен, исто како и школата на Бастијен.

Во однос на школата на Фердинанд Бајер, овој метод најмногу се поврзува со музичкото училиште во Гњилане, каде повеќето наставници се со завршени студии по музичка педагогија. Школата на Бајер се јавува и во „Лоренц Антони“ во Призрен,

најстарото училиште во Косово, што не е случај со училиштата „Пренк Јакова“ во Приштина и „Пренк Јакова“ во Ѓакова, каде што повеќе се користи школата на Јела Кршиќ. Се чини дека постои конфликт помеѓу овие два метода, бидејќи школата за пијано на Фердинанд Бајер не се среќава во училиштата каде што главно се следи школата на Јела Кршиќ, и обратно.

Школата на Денес Агај е примарен метод што се користи во училиштето „Лоренц Антони“ во Призрен, но е минимално присутна во другите три музички училишта, што сугерира дека овој метод за почетници во Косово потекнува од „Лоренц Антони“ во Призрен.

Останатите школи за пијано служат како комплементарни алатки и не забележавме поголеми разлики во употребата на методите во различните сектори (јавниот и приватниот). Оние методи кои се јавија во државните музички училишта, а недостасуваат во приватните училишта беа следните: Една Меи Бурнам – *Десетина на ден*, Бела Барток – *Микрокосмос*, Шарл/Жаклин – *Школа за пијано*, Агнестиг – *Ние свириме пијано* и Николаев – *Почетна школа за пијано*.

На прашањето **зошто наставниците се определиле за одредена почетна школа за пијано**, добиените одговори, со оглед на тоа што станувaше збор за описни податоци, ги кодиравме. Анализата на кодираните податоци покажа дека наставниците по пијано во Косово даваат приоритет на специфични карактеристики при изборот на почетните школи, и кај различни методи, најчесто наведените причини за избор вклучуваат *соодветност, ефикасност, леснотија при користењето* и *практичност* на почетната школа, како и нејзина *усогласеност со барањата на наставната програма*. Школата на Бастијен е фаворизирана од наставниците првенствено поради *леснотијата во нејзиното следење*. Школата на Јела Кршиќ ја избираат поради нејзината *соодветност*, како и поради нејзината широка употреба во периодот на СФРЈ. Школата на Бајер ја вреднуваат како *ефикасна* и *соодветна*. Добиените податоци за школата на Денес Агај беа во мал број, но оние наставници кои ја одбрале оваа школа навеле дека тоа е поради нејзината *соодветност* и *привлечност*. Генерално, овие резултати ја нагласуваат важноста на наведените карактеристики на почетната школа во обликувањето на преференциите на наставниците.

Следеа прашањата за **влијанието на општите податоци** и како тие ги обликуваат одговорите во однос на изборот на почетните школи кај наставниците по пијано во Косово. Во истражувачкиот прашалник беа вклучени прашања за **возраста, работното искуство, искуството во наставата по пијано и образованието на наставникот** (студии по пијано наспроти студии по музичка педагогија). Повеќето наставници спаѓаа во средните возрасни групи од 26 до 34 години и од 35 до 45 години, што сочинуваше 66% од испитаниците. Наставниците над 45 години ја претставуваа најмалата група со 13.5%, додека оние помлади од 25 години сочинуваа 19.61%, што покажа дека популацијата наставници кои предаваат пијано припаѓа на помладите генерации, со речиси 50% од испитаниците на возраст меѓу 22 и 34 години.

Спроведената анализа покажа поврзаност помеѓу севкупното наставно искуство и искуството во наставата по пијано, што сугерира дека овие два фактори ја претставуваат истата популација.

При вкрстувањето на општите податоци со податоците за почетните школи, забележавме дека школата на Бастијен се користи кај сите возрасни групи, но се јавува тенденција на опаѓање во изборот кај повозрасните наставници. Повеќето наставници кои изјавиле дека ја користат школата на Бастијен имаа помеѓу четири и седумгодишно работно искуство или над 10 години работно искуство. Наспроти школата на Бастијен, школата на Јела Кршиќ е помалку застапена меѓу најмладите наставници, а почесто се користи кај наставниците на возраст од 26 до 34 години и од 35 до 45 години. Поголемиот дел од наставниците кои ја користеле школата на Јела Кршиќ исто така имале работно искуство од четири до седум години или над 10 години. Користењето на школата на Фердинанд Бајер покажа сличности со користењето на школата на Јела Кршиќ, и нејзиното користење е големо меѓу наставниците на возраст од 26 до 34 години и од 35 до 45 години, а најмногу ја користат наставниците со над 10 години работно искуство. Користењето на школата на Денес Агај е присутно кај сите возрасни групи. Оваа школа првенствено ја користат наставниците со над 10 години работно искуство, што говори дека долгогодишното наставно искуство е клучниот фактор за нејзино користење. Можно е наставниците од Призрен, кои се поврзани со турскиот јазик и култура, да го имаат воведено овој метод од Турција.

Од сето ова, можеме да го изведеме следниот поедноставен заклучок: школата на Бастијен е позастапена меѓу помладите наставници, додека постарите наставници ги

претпочитаат школите на Јела Кршиќ и Фердинанд Бајер. Пристапувањето кон користење на школата на Денес Агај, од друга страна, се чини дека не зависи од возраста на наставникот.

Што се однесува до образованието на наставниците, приближно 40% од испитаниците биле со завршени студии по музичка педагогија (односно не се дипломирани пијанисти), додека околу 60% биле со завршени студии по пијано. Резултатите од истражувањето покажаа дека школата на Бајер почесто ја користеле наставниците со завршени студии по музичка педагогија. Овие наставници биле вработувани во музичките училишта поради големата побарувачка за наставници по пијано во минатото. Како заклучок, наставниците по пијано кои се дипломирани музички педагози припаѓаат на постарите генерации, додека оние наставници кои се дипломирани пијанисти се од помладите генерации. Разликата помеѓу користењето на школите за пијано од двете групи наставници според видот на образование се однесуваше само на школата на Бајер. Возраста на наставникот и неговото работно искуство немаа значајна улога при изборот на почетната школа за пијано.

Во однос на **другите причини кои влијаеле на изборот на почетната школа за пијано**, резултатите посочија на неколку клучни фактори. Повеќето наставници сметаа дека *одлуката на колективот на училиштето* и *одлуката на катедрата по пијано* се многу важни. Покрај ова, *препораката на колегите* исто така игра значајна улога, при што за голем дел од наставниците ова е од *умерен* до клучен (*многу важен*) фактор.

Од друга страна, *цената на книгата* и *издавачката куќа* генерално се јавија како помалку важни при изборот на почетната школа за пијано. Повеќето наставници сметаа дека цената на книгата не е важна, најверојатно поради големата употреба на фотокопии. Мислењата на наставниците за важноста на издавачката куќа беа разновидни, што го отежна воспоставувањето на јасен консензус по овој фактор на одлука околу учебникот.

Одговорите околу *дизајнот на учебникот* исто така беа разновидни. При тоа, најголемиот дел од наставниците сметаа дека дизајнот на учебникот при изборот на почетната школа или *не е важен* или е *умерено важен*. Ова сугерираше дека дизајнот на учебникот сепак не се наметнува како исклучително важен при изборот на почетната школа од страна на наставниците.

На наставниците им се остави отворена можност да дадат и свој квалитативен придонес во истражувањето со наведување на дополнителни фактори кои играат улога

при нивниот избор на почетна школа за пијано. Помеѓу наведените одговори се издвоија следните: привлечност и логичен тек на содржините, усогласеност со наставата по солфеж, повратниот одговор од страна на ученикот и вклучување на технички вежби. Наставниците, исто така, ја потенцираа потребата за учебници од албански автори и материјали на албански јазик, бидејќи поголемиот дел од почетните школи во употреба се на други јазици, првенствено на српскиот и англискиот. Ова, меѓудругото, ја одразува потребата за повеќе културно релевантни и достапни ресурси во музичката педагогија. Овие сознанија се во согласност со претходно идентификуваните карактеристики кои наставниците ги очекуваат од почетната школа, како што се ефикасноста, практичноста и разновидноста, што дополнително го збогатува значењето на ова истражување.

Одговорите на отвореното прашање **што наставниците би промениле во почетната школа** што ја користат, нагласија неколку клучни области за потенцијално подобрување на школите за пијано кои моментално се користат во музичките училишта во Косово. Имено, 44.1% од испитаниците се задоволни од избраниот метод и не би предлагале никакви промени. Сепак, 10.8% изразиле желба почетните школи да се преведат на мајчин јазик, што ја одразува важноста на разбирање на јазикот. Другите предлози вклучуваа комбинирање на различни методи (6.9%), вклучување композиции со мелодии кои привлекуваат внимание и албански песни (3.9%), додавање повеќе композиции за пијано за четири раце, интервенција во постоечката школа (отстранување/додавање композиции) и инкорпорирање на повеќе технички вежби. Иако многу од одговорите се разликуваа, тие ја нагласија заедничката тема за подобрување на постоечките методи преку интегрирање на културните елементи, прилагодување на техничките елементи и изработка на материјали кои повеќе би ги поттикнале денешните генерации ученици да го изучуваат инструментот.

Имајќи предвид дека истражувањето беше спроведено во текот на пандемијата со вирусот Ковид, беше неминовно да се проговори за **промените врз наставниот процес, предизвикани од вонредната состојба** со карантинот и посебните мерки за физичка дистанца, кои траеја повеќе од две години. Повеќето наставници вклучени во нашето истражување (53.92%) изјавиле дека одржувале часови по пијано строго онлајн, додека 26.47% користеле комбинација на онлајн настава и настава со ограничено физичко присуство. Значаен дел (14.71%) од наставниците изјавиле дека не можеле да одржат

никаква настава по пијано, а само мала група (4.9%) продолжиле со наставата исклучиво со физичко присуство.

Viber и Zoom се издвоија како главни платформи за онлајн настава по пијано, при што Viber е најкористената платформа (40.2%), и по неа следи Zoom (19.61%). Сепак, ефективноста на онлајн наставата, особено за часовите по пијано со ученици на рана возраст, генерално не беше оценета поволно од страна на наставниците. Приближно 64% од испитаниците ја оцениле на долниот крај на скалата, што укажува на тоа дека тие се обраќале кон онлајн настава само како на неизбежно средство за време на посебните пандемиски мерки за дистанца.

*

*        *

Како краен заклучок, во трудот е направена сеопфатна анализа на почетните школи за пијано кои се користат во музичките училишта во Косово, преку која се откриени преференциите и практиките на наставниците по пијано. Резултатите од истражувањето укажуваат на најкористените почетни школи, школите на Џејмс Бастијен и Јела Кршиќ, а укажуваат и на новите трендови, меѓу кои методот на Денес Агај. Истражувањето го нагласува значењето на соодветноста, ефикасноста и културната релевантност во изборот на почетниот метод за пијано, како одраз на нијансираното разбирање на потребите и предизвиците пред кои се исправени наставниците. Влијанието на демографските фактори, како и регионалните разлики, дополнително придонесуваат кон пејзажот на различности во пристапите во почетната настава по пијано во косовскиот музичко-образовен систем.

Истражувањето, исто така, фрли светлина врз проблемот со наставата по пијано кој го донесе пандемијата, кога многу наставници беа принудени да ја прилагодуваат наставата со користење на онлајн платформи како Viber и Zoom. Сепак, делотворноста на онлајн наставата, особено со ученици на рана возраст, беше доведена под знак прашање, што укажува на неопходноста овој вид настава да се изведува со непосредно присуство. Земено генерално, преку истражувањето се добиени сознанија кои можат да бидат користени при идните одлуки на повисоко административно ниво во врска со наставата по пијано, нагласувајќи ја потребата за флексибилност, културна сензитивност и

приспособување на наставните методи. Како што се придвижуваме напред, во одржувањето на музичката култура, мора да продолжиме да се справуваме со овие потреби и предизвици кои постојано се јавуваат во наставата по пијано. Оттаму, резултатите од ова истражување покрај тоа што се од голема корист за наставниците по пијано, даваат многу солидна основа за развој на наставните програми во музичкото образование и креирање на образовните политики. Земајќи ги предвид преференциите и предизвиците со кои се соочуваат наставниците по пијано, Министерството за образование би можело да ги усовршува идните наставни програми преку вклучување на поразновиден опсег на културно релевантни и достапни материјали со цел да се добијат образовни содржини кои би ги задоволиле потребите на денешните генерации ученици.

Истражувањето ги нагласува потенцијалните придобивки од инкорпорирањето на истражувачките резултати во програмите за обука на наставници, со што наставниците, без разлика на педагошкото искуство, би биле опремени со најдобрите алатки и методи. Со зафаќање на прашањето за влијанието на пандемијата врз наставните практики, нашиот труд упатува на тоа дека има простор за развивање поефикасни стратегии за онлајн настава. Институциите, креаторите на образовните политики и наставниот кадар можат да имаат корист од овие сознанија, и да придонесат да се обликува пофлексибилен, адаптивен и културно сензитивен пристап кон наставата по пијано во музичките училишта во Косово. На овој начин, музичко-образовниот систем може подобро да одговара на потребите и интересирањата на наставниците и учениците, и со тоа да поттикнува создавање на побогата и поефективна средина за совладување на тајните на пијанистичката уметност.

## Библиографија


Agay, D., & Skaggs, H. (2004). *The art of teaching piano* (2nd ed.). Yorktown Music Press.

Agnestig, C. (1959). *Vi spelar piano* (1st ed.). Gehrmans musikförlag.

Amazon. (2021). Amazon.com. Retrieved 30 March 2021, from https://www.amazon.com/Russian-School-Piano-Playing/dp/B0038C3VTO.

Asllanaj, V. (2010). *Rëndësia e udhëheqjes graduale në zhvillimin e procesit të pianos në shkollën fillore* (Master's thesis). University of Prishtina "Hasan Prishtina".

Beomelody. (2021). *Početna škola za klavir – Jela Kršić | Beomelody*. Beomelody.rs. Retrieved 30 March 2021, from https://beomelody.rs/prodavnica/pocetna-skola-za-klavir-jela-krsic/.

Bislimi, H. (2018). *Planprogramet mësimore për piano në ciklin e ulët në shkollën profesionale të muzikës* (Master's thesis). University of Prishtina "Hasan Prishtina".

Bunjaku, S. (2020). *Zhvillimi pianistik gjatë shkollimit të ulët dhe të mesëm muzikor* (Master's thesis). University of Prishtina "Hasan Prishtina".

Bužarovski, D. (2012). *Istraživačke metodologije aplicirane u muzikologiji*. Knjaževac: D.O.O. „Nota".

Chung, W. (1992). *An Analysis and Evaluation of Beginning Piano Methods Used in Korea* (Doctoral dissertation). Graduate Faculty of Texas Tech University.

Comeau, G. (2012). Playing by ear in the Suzuki Method: Supporting evidence and concerns in the context of piano playing. *The Canadian Music Teacher, 62*(3), 1-31. Retrieved 25 April 2022, from https://piano.uottawa.ca/wp-content/uploads/2016/04/Publications/Methods/Suzuki%20Method/Playingbyear...Suzuki method.pdf.

Costa, M. (2012). *Elaboração de um método de Piano para prática individual no Ensino Coletivo* (Doctoral dissertation). Universidade Federal do Paraná.

Çağlak, T. (2017). Başlangıç Piyano Metotlarının İncelenmesi. *Journal of Turkish Studies, 12*(6), 123-136. http://dx.doi.org/10.7827/TurkishStudies.11369.

Eroğlu, Ö. (2018). Müzik öğretmeni yetiştiren kurumlar için bir piyano başlangiç metot kitabi belirlenmesi. *Mehmet Akif Ersoy Üniversitesi Eğitim Fakültesi Dergisi* (47), 508-525. https://doi.org/10.21764/maeuefd.416073.

Faber, N., Faber, R. (2021). *My First Piano Adventure® Lesson Book A*. Pianoadventures.com. Retrieved 30 March 2021, from https://pianoadventures.com/browse/libraries/piano-adventures/libraries-piano-adventures-my-first-piano-adventure/.

Faria, J. (2016). *Metodologia para iniciação ao Ensino do Instrumento Piano: Reflexão e Contributo Didático* (Master's thesis). Universidade Católica Portuguesa.

F-musiikki.fi. (2022). *Agnestig vi spelar piano 1*. F-musiikki. Retrieved 26 April 2022, from https://www.f-musiikki.fi/agnestig-vi-spelar-piano-1-cg5222.html.

Guo, X. (2020). *The Status of Pre-College Piano Teaching in China* (Master's thesis). California State University, Northridge.

Hasani, V. (2011). *Përzgjedhja e metodës më të përshtatshme në mësimin e pianos me nxenësit fillestarë* (Master's thesis). University of Prishtina "Hasan Prishtina".

Horan, A. (1957). *The Mikrokosmos of Bela Bartok; description and analysis of the problems encountered in form, rhythm, harmony, melody and expressive elements. Its use in teaching* (Thesis - DMA). Boston University.

Hylén, M. (2006). *Vad sätter man i handen på en nybörjare? - Om hur pianolärarens val av läromedel kan påverka elevernas lärande* (Undergraduate thesis). Malmö Academy of Music.

Lemoine, C. (2022). *Charles & Jacqueline Piano Method Book 2 published by Lemoine*. Forwoods ScoreStore. Retrieved 26 April 2022, from https://www.scorestore.co.uk/piano/charles-jacqueline-piano-method-book-2-published-by-lemoine.html.

Lo, S. (1993). *A reading course for Suzuki piano students* (Doctoral dissertation). Texas Tech University.

Loewe, F. (2021). *Method Series: Reviews and Comparisons – Faith Loewe*. Faith Loewe. Retrieved 30 March 2021, from https://www.faithloewe.com/blog/method-comparison.

MASHT. (2013). *Plani dhe programi mësimor - arsimi profesional muzikor* [Ebook]. MASHT. Retrieved 30 March 2021, from https://masht.rks-gov.net/uploads/2015/09/planet-dhe-programet-mesimore-per-shkollat-e-muzikes-2013.pdf.

Music Junction. (2021). *Beyer: Elementary Method for the Piano Op. 101*. Music Junction Australia. Retrieved 30 March 2021, from https://www.musicjunction.com.au/products/beyer-elementary-method-for-the-piano-op-101?variant=39285055553668.

O'Neill, A. (2003). *Parent as home teacher of Suzuki cello, violin, and piano students: Observation and analysis of Suzuki method practice sessions* (Master's thesis). The Ohio State University.

Öztürk, M. (2020). "Denes Agay's Learning to Play Piano I" Başlangıç Piyano Metodunun Hedef ve Hedef Davranışlar Yönünden İncelenmesi. *Turkish Studies – Educational Sciences, 15*(6), 4117-4136. https://doi.org/10.47423/turkishstudies.46548.

Rajković, M. [Рајковиќ, М]. 2011. *Početnite školi za pijano vo muzičko*-*obrazovniot sistem na Srbija* (Magisterski trud) [*Почетните школи за пијано во музичко-образовниот*

*систем на Србија* (Магистерски труд)]. Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij” – Skopje, Fakultet za muzička umetnost. [Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Факултет за музичка уметност.]

Rakanda, S. (2020). *Pembelajaran piano tingkat dasar di Lembaga Kursus dan Pelatihan Amazing House of Music Yogyakarta* (Graduate thesis). Institut Seni Indonesia Yogyakarta.

Rauta, M. (2018). *A série Obras para a Juventude: propostas de obras e atividades à Educação Musical* (Doctoral dissertation). Universidade Federal do Estado do Rio de Janeiro.

Ruppel, R. (1956). *Critical survey of selected beginning piano methods* (Master’s thesis). The University of Montana, Department of Music Education.

Scriba, G. (2010). *The piano duet as teaching medium: an overview and selective syllabus for the beginner pianist* (Graduate thesis). University of Pretoria, Faculty of Humanities, Department of Music.

Thomas-Lee, P. (1996). *Piano Pedagogy For Four- And Five-Year-Olds: An Analysis Of Selected Piano Methods For Teaching Preschool Children* (Doctoral dissertation). Baylor University.

Vartic, I. (2012). *Piano Lessons for Beginners. Nikolaev’s Russian School of Piano Playing. Step-by-Step Video Course* [Video]. Retrieved 30 March 2021, from https://www.youtube.com/watch?v=_So-VEyBZ3w.

Zavod za školstvo. (2018). *Predmetni program Klavir II, III, IV, V, VI, VII, VIII i IX razred devetogodišnje osnovne muzičke škole* [Ebook]. Zavod za školstvo. Retrieved 30 March 2021, from https://zzs.gov.me/ResourceManager/FileDownload.aspx?rId=377715&rType=2.

**Прилог 1 Истражувачки прашалник за почетните школи по пијано во Косово**

Почитуван/а,

Ви се обраќам со молба за учество во истражувањето во рамките на моите докторски студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Предметот и целите на истражувањето се фокусирани на почетните школи за пијано кои се користат во музичките училишта во Косово. Со оглед на тоа што сте наставник по пијано, многу би значело да го пополните овој прашалник и со Вашите одговори да придонесете кон добивање на поцелосна слика за почетната настава по пијано. Пополнувањето на прашалникот не би требало да Ви одземе повеќе од 10 минути.

Сакаме да напоменам дека учеството во истражувањето е на доброволна основа, одговорите ќе бидат заштитени како доверливи податоци и ќе бидат презентирани само во збирна форма.

Доколку имате какви било прашања во врска со истражувањето, не двоумете се и контактирајте ме директно преку мејлот: agron.shujaku@gmail.com или на тел. +383 44 ######.

Однапред благодарам за соработката,

Со почит,
м-р Агрон Шујаку
Докторанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност

*Ве молам означете*

**1. Која почетна школа за пијано ја користите со ученици во прва година?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**2. Наведете зошто ја користите избраната школа**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**3. При изборот на почетната школа по пијано за Вас важна е:**
(1 – воопшто не е важна, 5 – многу е важна)

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| одлуката на колективот на училиштето | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| одлуката на катедрата по пијано | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| цената на книгата/почетната школа | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| издавачката куќа | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| дизајнот на учебникот | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| препораката на колегите | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| друго (наведете што друго е важно за Вас за да ја користите избраната почетна школа) ______________________________ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**4. Што би додале/измениле во почетната школа што ја користите?**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**5. Рангирајте со 1, 2 или 3 според важноста на давање приоритет на музичките елементи кога работите со ученици по пијано – почетници (1- најважно, 2- важно или 3- помалку важно):**

читање ноти ________

вежби за позиција на раката ________

вежбање ритам ________

**6. Наведете ги првите пет композиции кои најчесто ги задавате на почетници: (наведете наслов на композиција/автор и од која почетна школа е)**

1. ________________________________________
2. ________________________________________
3. ________________________________________
4. ________________________________________
5. ________________________________________

**7. Како ја одржувате наставата по пијано со почетници за време на пандемијата?**

- o Немаше можности за одржување на овој вид настава
- o Онлајн
- o Во живо
- o И онлајн и во живо (мешан метод)
- o На друг начин (наведете како) ________________________

**8. Доколку ја одржувавте наставата по пијано со почетници онлајн кој уред/платформа го/ја користевте?**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

**9. На следната скала наведете колку сметате дека има ефект онлајн наставата по пијано со почетници:**

(1 – воопшто не е ефективна, 5 – многу е ефективна)

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| □ | □ | □ | □ | □ |

**10. Во кое училиште работите?**

- „Пренк Јакова“ – Приштина
- „Лоренц Антони“ – Призрен
- „Тефта Ташко“ – Митровица
- „Музичко училиште во Ѓиљан“ – Ѓиљан/Гњилане
- „Халит Касаполи“ – Пеја/Пеќ
- „Ческ Задеја“ – Феризај
- „Пренк Јакова“ – Ѓакова
- „Фаик Силка“ – Раховеци
- „Амадеус“ – приватно музичко училиште во Приштина
- “Misbah and Friends” – приватно музичко училиште во Приштина
- „Мелодија“ – приватно музичко училиште во Приштина
- „Бетовен“ – приватно музичко училиште во Приштина
- „Илзат“ – приватно музичко училиште во Приштина
- „Мјелмат“ – приватно музичко училиште во Феризај

**11. Доколку работите и во државно и во приватно училиште дали користите различни школи/методи на пијано во државниот и приватниот сектор?**

- Да
- Не
- Не се однесува на мене (работам само во еден сектор)

**11а. Доколку одговорот е Да која почетна школа ја користите во државниот, а која во приватниот сектор?**

____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

**12. Вашиот пол:** а. Женски б. Машки

**13. Највисоко ниво на образование со кое се имате стекнато:**

а. Квалификација за средно училиште или воопшто нема квалификација
б. Додипломски (завршен прв циклус)
в. Магистерски/Мастер степен (м-р)
г. Д-р
д. Друго____________________

**14. Студиска програма на која го имате стекнато образованието:**

а. Пијано
б. Музичка теорија и педагогија
в. Друго (наведете што)__________________________

**15. Вашата возраст:**

а. < 25 години
б. 26–34 години
в. 35–45 години
г. > 45 години

**16. Вашето целокупно работно искуство:**

а. помалку од една година
б. 1–3 години
в. 4–7 години
г. 8–10 години
д. повеќе од 10 години

**17. Колку долго предавате пијано?**

а. 1–3 години
б. 4–7 години
в. 8–10 години
г. повеќе од 10 години

**18. Колку долго работите во сегашното училиште?**

а. 1–3 години
б. 4–7 години
в. 8–10 години
г. повеќе од 10 години